# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Осмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 30 јануари 2003 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,15 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше г. Никола Поповски, претседател на Собранието.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дами и господа пратеници, ја отворам Осмата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Љупчо Јордановски, Елеонора Петрова Мицевска, Андреј Жерновски, Љупчо Балковски, Марјан Ѓорчев и Љупчо Мешков ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

На седницата се поканети претседателот на Република Македонија г. Борис Трајковски, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија, гувернерот на Народната банка на Република Македонија.

Дами и господа пратеници,

Како што сте известени на оваа седница ќе се поставуваат пратенички прашања.

Бидејќи денешната седница е прва седница на која што ќе се поставуваат пратенички прашања, би сакал да дадам кратки појаснувања, во врска со поставувањето на пратеничките прашања.

Прво, сите што се пријавени за пратенички прашања, уште од сега ги молам да се исклучат, а јас ќе објавам во кој момент ќе може да се притисне копче за барање на пратеничко прашање. Да останат само тие што имаат нешто друго вон пратеничките прашања.

Почитувани пратеници,

Се договоривме прво на барање на опозицијата седниците за пратенички прашања на барање на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ конкретно, седниците за пратенички прашања, наместо до 17,00 часот, со исклучок на

денешниот ден да траат до 19,00 часот, за да има повеќе простор да се поставуваат пратенички прашања.

Таа одредба ќе ја применуваље од првата наредна седница, а сега е невозможно затоа што пратеничката група на СДСМ извести дека во 17,30 имаат закажано седница на централниот одбор на нивната партија за што денеска не можат да го применат. Идниот пат ќе имаме два часа плус, уште поголем број пратеници да можат да постават пратенички прашања, а штом се затопли малку времето, ќе го добиеме и оној час да почнуваме од 10,00 часот што не можеме да го спроведуваме во зимно време.

Сакам да ве известам за следново: сите досега поставени пратенички прашања во писмена форма и оние кои денес ќе бидат во писмена форма од Владата посочени дека ќе бидат одговорени, ќе бидат предмет на расправа на наредната седница за пратенички прашања и тогаш ќе добијат приоритет по Деловникот како е нормално.

Се договоривме со координаторите на пратеничките групи, за да имаме поголема ефикасност, за да има поголема можност што поголем број пратеници да поставуваат прашања, кога пратеник поставува пратеничко прашање, да може согласно Деловникот, во рамки на пријавувањето, да постави вкупно три прашања, во вкупно траење од 10 минути.

Секој пратеник за секое поставено прашање, откако ќе добие одговор од надлежниот министер, или од друг функционер избран од Собранието, ќе има поединечно по 3 минути плус да се изјасни дали е задоволен, или евентуално не е задоволен во тие три минути да постави и дополнително прашање, на што посебно министерот дава одговор. Ако повторно не е задоволен, или задоволен, тука завршува процедурата.

Ги молам и министрите, членовите на Владата и другите поканети функционери кои ќе одговараат на пратенички прашања, заради ефикасност во работата и заради можноста што поголем број прашања да се постават, иако не се ограничени, би ги замолил секое прашање да го одговараат на краток и ефикасен начин, отприлика 5 минути, а во исклучителни случаи до 10 минути ако има потреба од поголема елаборација.

Меѓутоа, исто така, да не се претвори седницата во долги елаборации од страна на министрите.

Со оглед дека пријавувањето е електронско и може да се случи да има нерамноправен пристап до пратеничките прашања од различни пратеници од

опозиција и позиција, па да се случи кој како се пријавил од едната и од другата страна цел да го имаат за поставување на пратенички прашања, со координаторите се договоривме за следново: откако ќе биде објавен почетокот на пријавување, секој да притисне копче ако има потреба да постави пратеничко прашање. Со оглед дека компјутерпт го евидентира по редослед на пријавувањето, а за да имаме рамноправен пристап, ќе ги примениме следниот модел.

Првите седум прашања ќе бидат дадени по редот на пријавени од секоја пратеничка група прво пријавениот. Значи, ќе добие прво од опозицијата најголемата пратеничка група, па од власта најголемата пратеничка група. И така, првите шест пратенички прашања, односно шест јавувања како ќе се определите ќе бидат поставени од шест пратенички групи на власта и опозицијата рамноправно по еден и седмиот од останатите пет пратеници кои не припаѓаат на пратеничките групи.

Значи, седум пратеници ќе имаат приоритетно право, според тоа кој како се пријавил. Или по поконкретно прво пријавениот од ВМРО-ДПМНЕ, па прво пријавениот од СДСМ, па прво пријавениот од ДПА, па прво пријавениот од ДУИ, па прво пријавениот од Либерална партија, па прво пријавеноит од ЛДП.

Потоа одиме со останатите пет пратеници кои не припаѓаат на ниедна пратеничка група, прво пријавениот и од кога тоа ќе се исцрпи, продолжуваме да одиме по редоследот на пријавување на пратениците кои се од владиното мнозинство и од опозицијата по цик цак линија по приоритетот на кои се имаат пријавено. Значи, ако има пријавено 5 луѓе од СДСМ прво ќе добие едниот, па после некој од опозицијата, па вториот од листата јас тоа на компјутерот ќе го следам, затоа што компјутерот го овозможува тој систем.

Дали во врска со овие појаснувања имаме некакви забелешки?

Ве молам ако има некој пратенички прашања што се пријавил да постави пратенички прашања да се исклучи од системот.

Господине Даневски вие дали имате пратенички прашање или нешто процедурално. (пратеничко прашање).

Исклучите се ако сте за пратеничко прашање.

Сите други одредби важат од Деловникот како што е.

Во овој момент ги молам пратениците да се пријават за поставување на пратенички прашања.

Ве молам да почнеме со работа.

По системот кој го договоривме прво пријавениот е од ВМРО-ДПМНЕ господинот Жарко Караџоски.

Ве молам секое прашање што го поставувате да се знае точно до кого го поставувате да се знае кој го дава одговорот. И ве молам сите да водите грижа за времето.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Прво ќе започнам со премиерот на Владата и ќе поставам прашање до премиерот на Владата и ред е така да се пожне од премиерот. Прашањето би гласело: Кога Владата на Република Македонија ќе отпожне со реализација на најавената предизборна програма во насока на вработувањето и особено онаа програма, т.н. вработување по еден член од семејството.

Господине претседателе може ли сега да ги поставам трите прашања. Првото би било до претседателот на Владата. Сметам дека ова е актуелно прашање и мислам дека ќе даде одговор.

Второто прашање би го поставил од министерот за внатрешни работи. Прашањето би гласело вака: До каде се постапките по однос на откривањето на сторителите на кривичните дела и мотивите во врска со нив, по однос на последните зачестени убиства во текот на овој месец, колку информации и какви информации има МВР до каде се и колку сторители се откриени.

Третото прашање би го поставил до министерот за земјоделие, меѓутоа, не гледам претставник, нека биде прашањето поставено до Владата. Ме интересира до каде е и каква е откупната политика на тутунот, поточно дали Владата ќе излезе со конкретна гарантирана цена и дали Владата ќе помогне во смисла на откупувањето на тутунот со една конкретна цена, а не вака понижувачка, каква што ја понудија откупните претпријатија.

Ова само би сакал малку да го објаснам во симсла на тоа што отпочна откупот, цените ги знаеме какви се и сметам дека на овој начин како што оди откупот е понижувачки за тутунопроизводителите. Мислам дека Владата треба за секој случај да се вклучи.

Доколку може некој од Владата да го одговори ова прашање, би било во ред, доколку не, нека ми достави писмен извештај.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Влагодарам на г. Караџоски.

Само да ве известам дека г. Положани министер за образование, ме извести дека прашањата што се поставуваат до него, ќе ги одговори по 14,00 часот затоа што има некоја обврска.

Ве молам, ако имате прашање до г. Положани поставете го, стенограмот ќе му се предаде и кога ќе дојде на седница ќе ги одговори прашањата.

Има одговор г. Бранко Црвенковски.

БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:

Владата на Република Македонија на една од своите претходно одржани седници веќе ги усвои основите за утврдување на макроекономската политика за 2003 година и во тој склоп една низа на сепаратни документи. Во овој момент само би ги издвоил програмата за поддршка на претпиемаштвото и на мали и средни претпријатија, како и претпрограмата за овозможување на поголема вработеност, односно намалување на невработеноста во Република Македонија.

Во овој момент, во Република Македонија се наоѓа мисијата на ММФ, со нив се водат преговори, се врши усогласување на вкупната рамка за водење на макроекономската политика. Откако тие преговори ќе завршат ќе имаме една заокружена слика, ќе излеземе пред Парламентот и со буџетот за наредната година и со сите пропратни документи и во тој момент ќе ја обелодениме вкупната макроекономска политика за наредната година која ќе биде само почеток на една подолготрајна политика која што ќе се води и во наредниот период, значи во континиутет и тогаш ќе бидат обелоденети и мерките околу механизмите и начините за зголемување на вработеноста во Република Македонија.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Му благодарам на г. Црвенковски.

Господине Караџоски дали сте задоволни од одговорот и ако не сте имате право на дополнително потпрашање во рок од 3 минути.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Не сум задоволен од одговорот, затоа што очекував конкретен одговор затоа што во кампањата беше најавено дека во оваа година ќе бидат вработени по овој систем по еден член од семејството некаде околу 30-40 илјади нови вработувања.

Јас сметав г. претседателе, коалицијата која што сега е на власт сметав дека има изработено програма конкретно по ова прашање. Сега слушам од

премиерот дека допрва ќе се изработува програма и која најмногу ќе зависи од преговорите со мисијата на ММФ.

Од таа причина, не сум задоволен од одговорот. Доколку би можел премиерот, ако веќе нема конкретно што да одговори, кога ќе може да одговори нека достави една писмена информација, во смисла на конкретните бројки и конкретните вработувања.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Црвенковски дали имате одговор на дополнителнот прашање.

БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:

Мислам дака пратеникот Караџоски не следел внимателно. Не реков дека допрва ќе ја изготвуваме програмата. Програмата е веќе изготвена, помината и освоена на Владата. Јас само спомнав дека целиот пакет кога ќе излеземе пред Собранието за утврдување на макроекономската политика, во делот на фискалната политика, монетарната политика и сите други пропратни законски решенија, ќе ја обелодениме пред Парламентот целокупната работа.

Тоа ќе биде наскоро, јас очекувам дека веќе кон крајот на овој месец успешно ќе завршат преговорите со ММФ и тоа значи дека во текот на февруари, или до крајот на февруари, секако тој пакет ќе се најде пред Собранието на Република Македонија.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Второто прашање е поставено до министерот Костов, министер за внатрешни работи.

ХАРИ КОСТОВ:

Во изминатите неколку дена, особено во текот на овој месец имаше определени неточни податоци низ јавноста, било преку медиумите, било преку друг начин, околу вкупниот број на извршени кривични дела, кои имаат како последица убиство, или пак дали се тие осветлени или неосветлени итн.

Јас ќе ги кажам официјалните податоци.

Прво, да имаме предвид дека една од основните причини за ваквите несакани појави во последно време се сеуште безбедносните проблеми кои постојат во определени региони во Македонија и огромниот број на оружје кое што е поделено.

Јас би бил среќен кога некогаш ќе ми постави некој прашање околу начинот на поделбата на тоа оружје, дали е законски, или незаконски, кои лица ги добиле итн.

Меѓутоа, околу ова прашање официјалните податоци се следните: во изминатите три месеци регистрирани се 26 убиства, што претставува определено зголемување во однос на претходниот три месечен период. Значи ова од ноември, декември и јануари. Во претходниот три месечен период имало 20 такви дела. Сега имаме пораст за вкупно 6 убиства. Точната бројка е дека од вкупниот број регистрирани убиства во овој тримесечен период, значи од 26 расветлени се 16 за кои сторителите биле познати или се откриени по превземени дополнителни мерки, а нерасветлени останале уште 10 убиства. Јас тие би ги спомнал.

Нерасветлени се шесте случаи на убиства и звршени во декември во Тетово кога од живот се лишени Фатмир Лика, Бурхан Асани, Бесник Муртафи, Шефкир Чека, Сафир Шаќири и Вандим Беслеши од Косово, потоа убиството извршено во декември во Куманово на Жика Димчевски. Значи само три убиства не се расветлени во јануари кога од живот се лишени Имер Красниќи, Перо Милошевски и завчарешното убиство на полицаецот Кире Димитриевски.

Истовремено во овој период се расветлени уште 8 убиства, што беа извршени во претходниот период, не во овие три месеци.

Инаку, само во текот на јануари во оваа година досега се извршени вкупно 14 убиства, од кои досега се расветлени 11.

Јас накратко толку би имал во овој дел. Доколку постои потреба можам и детално да ги дадам податоците, информациите итн, со тоа што би сакал да се разграничи која е одговорноста на МВР, што е одговорноста на другите институции околу обвинителството, сите постапки итн.

Нашиот дел завршува до делот на откривање, докоментирање и поднесување на кривична пријава до обвинителството.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали сте задоволен г. Караџоски дали имате дополнително прашање.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Господине министре, јас знам до каде е вашата надлежност, јас би ве замолил да ми доставите писмена информација во однос на она што МВР во

рамките на својата надлежност превзел и процесирал во јавното обвинителство со конкретни податоци доколу може.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Костов?

ХАРИ КОСТОВ?

Таквата информација е веќе готово и можеме уште во текот на утрешниот ден да ја доставиме.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Третото прашање е поставено до министерот за земјоделие, кој најави отсуство, или до Владата.

Дали некој друг член на Владата ќе даде одговор, или ќе доставите писмен одговор. (ќе се достави писмен одговор).

Збор има прво пријавениот од пратеничката група на СДСМ господинот Каме Петров.

КАМЕ ПЕТРОВ:

Господине претседателе, почитуван претседателе и членови на Владата, колеги пратеници,

Врз основа на член 35 од Деловникот за работа на Собранието на Република Македонија, до министерот го поставувам следното пратеничко прашање:

“Дали ова Министерство планира и во кој рок да предложи донесување на закон, или закон за изменување и дополнување на повеќе посебни закони, со кои ќе се уредат односите со парични надоместоци што ги примаат членовите на управните органи на јавните претпријатија и другите јавни установи?”

Значи, прашањето ми е упатено за паричните надоместоци на членовите на управните одбори, исклучиво во јавнио сектор. Ова прашање го засновувам на следното образложение:

Мислам дека една од најнеуредените работи, материи во оптштеството претставуваат паричните надоместоци на спомнатите членови на управните одбори, на одборите за материјално - финансиско работење во јавните претпријатија, како и на управните органи и останатите јавни установи и институции. За тоа во државата имаме различни примери, управните органи во овие јавни претпријатија, јавни

установи да донесуваат одлуки со енормни износи на парични надоместоци. Овие надоместоци, според моите сознанија, во изминатиот период се движеа од 10.000 денари, 12.000, а во некои подобро стоечки и над 20.000 денари по член месечно. Мислам деак вакват пракса е недозволива. Ваквите односи и месечни примања со ништо не се вклопуваат, ако сакате и во пазарните услови на стопанисување, особено ако се има предвид дека јавниот сектор, односно дека имаме осиромашена држава, а имаме сектор во загуба.

Паричните надоместцои за работењето на управните одбори треба да се лимитираат и унифицираат, според мене, во разумни износи и граници.

Имам уште едно пратеничко прашање, но со оглед на сложеноста на проблемот “Рамнина”, тоа прашање ќе го доставам писмено и очекувам сложен одговор.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Гошев, министер за финансии.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Владата го разгледа ова прашање на една од седниците што до сега ги одржа и го констатира проблемот, токму од овој аспект за кој што зборуваше пратеникот. Ќе донесе решение како оваа материја да се среди на задоволителен начин.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Господине Петров, дали сте задоволен со одговорот? (Да)

Збор има првопријавениот од пратеничката група од ДПА, господинот Фатмир Асани.

ФАТМИР АСАНИ:

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа,

Недостигот на ангажман од страна на Владата, поврзано со многу проблеми што претставуваат грижа за кумановските граѓани, претставува голем доказ дека .......

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Ве молам господине Асани, кажете до кого го поставгувате прашање, па потоа прашањето.

ФАТМИР АСАНИ:

Подоцна ќе кажам, имајте малку трпение господине претседателе.

Во овие рамки би сакал да прашам и усмено да ми биде одговорено, до каде е со дијагностицирањето на труењето на учениците од средните училишта во Куманово, прашањето е поставено до министерот за здравство.

Средното образование на албански јазик се соочува со големи проблем. Се знае дека од овој заеднички објект на кумановската гимназија беа насилно избркани албанските ученици и наставници со големи телесни повреди, како резултат на употреба на сила, кога беше повреден и еден албански наставник. Виновниците не се најдено до ден денеска.

Зошто ова се случува и зошто оваа Влада не обезбеди еден објект, како шќто беше ветено, за средно образование на албански јазик. Ова прашање го поставувам до министерот за образование.

Третото прашање е доставено до Владата, преку својот соодветен ресор, има преземено еден противуставен чекор, дискриминаторски чекор, преку измислената формула со електричната енергија, да подготвува нови списоци на оние кои припаѓаат на категоријата - социјално загрозени. Ова е апсурд во нашите околности, кога се знае дека голем број од нив се семејства, сиромашни семејства, живеат под еден покрив и во многу лоши услови. Многу би биле погодени социјално загрозените лица, па затоа го прашувам министерот за труд и социјална политиак дасли има намера да продолжи со оваа формула и како тоа го оправдува пред пошироката јавност? Што ќе се преземе доколку голем број на тие социјални случаи бидат исклучени спроед таа формула?

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам на господинот Асани.

Само, ќе ги замолам сите пратеници прво да кажете до кого го поставувате прашањето, после прашањето, за да може да се сконцентира кому му еџ упатено прашањето.

Првото прашање е упатено до министерот за здравство. Ве молам повелете.

РЕЏЕП СЕЛМАНИ:

Како што сте информирани и вие и ние како Влада, од 30.11.2002 година првите случаи на труење во средните училишта, се јавуваат ученици со симптоми на труење, што до 09.12.2002 година бројката е околу 200 такви случаи. Потоа, се јавија неколкумина со симптоми на релаксицидив. Еден број од нив беше хоспитализиран во Одделението за заразни заболувања во Куманово, а еден дел беше испратен до Клиничкиот центар во Скопје, еден дел од нив беше хоспитализиран на Клиниката за токсикологија.

Од клиничките и лабораториските испитувања, од третманот на таквите случаи, нашите институции не можеа да откријат евентуален биолошки или хемиски агенс или токсичен, па затоа како Министерство побаравем помош од Светската здравствена организација, за евентуално расветлување на ваквите случаеви. Од нив добивме позитивен одговор. Беше вклучен тим од Светската здравствена организација во овие активности.

Врз основа на анкетирањето на теренот и врз основан а целокупната документација од нашите здравстени институции, тимот на Светската здравствена организација излезе со племиниране извештај во врска со овие случувањеа. Има уште понатамошни активности и од нашите институции и од Светската здравствена организација во врска со евентуалното лабораториско окривање на евентуалниот причинител како можен биолошки, хемиски или токсичен агенс за овие појави, поради евентуално расветлување.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Дали сте задоволен од одговорот господине Асани?

ФАТМИР АСАНИ:

Не сум задоволен и би сакал министерот за здравство да одговори подетално во писмена форма.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Би сакал да ги известам пратениците за следново, откако министерот ќе даде усмен одговор, после тоа остаснува негово право дали ќе сака да ви достави писмен одговор или не. После давање усмен одговор, ако не сте задоволен, можете да поставите дополнително прашање. Меѓутоа, да побарате сега и писмен одговор, веќе министерот нема обврска да го достави, затоа што го дал усмениот одговор. ако не сте задоволни, тоа е право на секој пратеник.

ФАТМИР АСАНИ:

Со оглед на фактот дека не кажа точно колку биле затруени, колку не би затруени, јас мислам дека кога ќе ги има сите резултати, тогаш да даде писмен одговор. Јас би сакал точно да знам какви мерки биле преземени, што било преземено околу затруените ученици во Куманово.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали се согласувате господине министер дополнителен писмен одговор?

РЕЏЕП СЕЛМАНИ:

Во одговорот реков дека има уште активности што се во тек. Значи, Тимот и ние од Министерството за здравство излеговме со прв плериминален извештај во врска со овие случувања. Значи, активностите се сеуште во тек во врска со овие случаеви.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Прифаќање да доставите писмен одговор, или не?

РЕЏЕП СЕЛМАНИ:

Кога ќе ги добиеме сите дефинитивни анализи, тогаш ќе можеме да одговориме и писмено.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Значи, по добивањето на анализите, што значи дека овој рок во Деовникот од 10 дена нема да важи, ќе важи откако ќе ги добијат анализите.

Второто прашање е доставено до министерот за образование.

Заменикот е тука, дсали ќе одговорите на поставеното пашање? (Да)

Има збор господинот Тале Керамитчиоски.

ТАЛЕ КЕРАМИТЧИОСКИ:

Состојбата на неадекватните услови на наставата што ја посетуваат учениците од албанската популација од средношколската младина во Куманово беше наследена. Министерството за образование и наука презеде опсежни активности како да се надмине овој проблем. Беше формирана комисија, мешовита, во која што паритетно влегоа членови од Државниот просветен инспекторат, од подрачната единица на Министерството за образование и наука во Куманово, од Секоторот за средно образование од Министерството за образование и наука, а беа вклучени и партиципиенти од локалната самоуправа, поточно беше и градоначалникот на општина Куманово, вклучен во оваа Комисија. Беше направен конкретен план на активности за враќање на албанците средношколци во матичните училишта во средните училишта во општина Куманово. Работите се одвиваа доста добро. На пат бевме успешно да го расрешиме тој проблем, с# додека не се случи немилиот настан со експлопидарање на бомбата во Куманово. После тој настан работите се вратија на почените позиции.

Сега, значи во моментов одиме со друг паралелен план што е изготвен во Министерството за образование и наука за постепено враќање на учениците во поадекватни услови. Тоа значи дека е во Техничкото училиште во тек подготовка на соодветен простор на дел од класовите од албанската средношколска младина да се вратат во училишните клупи за да се растовари наставата во основните училишта каде што сега во моментот ја посетуваат овие ученици.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали господинот Асани е задоволен од одговорот?

ФАТМИР АСАНИ:

Не сум задоволен од одговорот на заменик министерот, бидејќи самиот минситер пред еден месец, во Куманово, каде што бев и јас присутен рече дека до второто полугодие ќе изнајдеме нов објект, ќе имаме централно средно училиште на албански јазик. Овој начин  на одолговлекување не е адекватен за учениците кои

што учат во многу лоши услови и мислам дека тоа само ќе се одолговлече, а нема дас се постигне никаков успех.

На заменикот министер му поставувам дополнително прашање, да одговори коннкретно во кој рок ќе се постигне ова, бидејќи еве три месеци како се одолговлекува оваа работа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали ќе одговорите на дополнителното прашање? (Да)

Повелете господине Керамитчиоски.

ТАЛЕ КЕРАМИТЧИОСКИ:

Не е едноставно да се направат услови во нов објект да се смести толкав број на класови од албанската младина. Се прават конкретни чекори во Средното техничко училиште да се постигне таков процес. Сега, во следниве две недели мислам дека ќе успееме тој процес, таа постапка да ја завршиме.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

На следното прашање треба да одговори министерот за труд и социјална политика.

ЈОВАН МАНАСИЈЕВСКИ:

Како што знаете, врз основа на Законот за здравствена заштита, Владата донесува одлуки за условите, критериумите, висината, начинот и постапката на утврдување на остварување на право на социјална парична помош. Така што, во рамките на своите надлежности, Владата пристапи кон изменување и дополнување на оваа одлука.

Инаку, да го потсетам пратеникот, тоа е редовна практика што секоја влада ја врши. До сега, оваа одлука што е внесена првично во 1998 година е на три пати менувана, во согласност со анализата на состојбата, повратните информации од теренот и потребните модификации.

Врз основа на стручните анализи од центрите за социјална работа и во самото министерство, дојдено е до заклучок дека, поради повеќе празнини во постојната одлука, правото на социјална помош се злоупотребува и тоа прилично во големи размери. Министерството и Владата, со цел да ги пополнат овие празнини, презедоа соодветни промени на оваа одлука.

Впрочен, за сериозноста и за висинат на една диспропорција што постои во овој сектор говорат и податоците: имено, претходнат авлада, во ноември 1998 година всушност наследи, така да кажам 52.756 семејства што примаат социјална помош. Оваа Влада, кога дојде на 1 ноември, кога ја зазеде позицијата наследи 82.325 семејства. За четири години имаме раст од преку 60%. Овој раст, компариран ос другите показатели на економските и социјални движења, со индикаторите на сироматштијата, укажува дека овој раст е навистина непропорционален на сите други индикатори.

Оттаму, јасно беше декас се користат повеќе празнини во одлуката, повеќе непрецизни места, за да се злоупотреби ова право. Патем речено, станува збор за преку 60 милиони долари годишни издастоци, навистинас големи издатоци за еднас држава и обврска на Министерството и Владата е тие огромни средства да стасаат навистина до вистинските раце. Сега, прашањето што се отвора е, што го отвора пратеникот е дасли навистина кој критериум е праведен и дасли ќе доведе до намалување на очигледните злоупотреби.

Имено, Владата, со промените на одлуката донесе всушност повеќе измени. Меѓутоа, вниманието се фокусира претежно на потребата од електрично броило затоа што тоа претставуваше една новина што претпоставува дополнителни административни мерки за обезбедување на тој документ. Меѓутоа, целта на Министерството со оваа мерка е да, навистина тие кои заслужуваат социјална помош, бидат соодветно сервисирани од државата.

Затоа, Министерството во примена на оваа одлука упати до сега две Упатства до центрите за социјална работа, што се овластени органи за спроведување на оваа одлука, каде што всушност таксативно се наброени сите исклучоци што всушност нема да потпаѓаат под овој критериум. Тоа значи дека е дадено правото на Центартот за социјална работа и на социјалниот работник, врз основа на теренскиот увид на лице место во секое домаќинство да утврди дасли покрај недостатокот на критериумот електрично броило, тоа лице заслужува да добие социјална помош. При тоа Министерството установи 12 категории на корисници што се наведени во Упатството, за кои всушност нема да важи овој

критериум. Што е уште побитно, дополнително, самиот социјален работник, врз основа на извршениот увид треба да даде мериторна проценка дали домаќинството заслужува социјална помош.

Значи, процесот не завршува на одлуката. Не е бирократски. Треба да биде максимално теренски проверен и јас, како министер тука може да ви гарантирам како пратеници и на целокупната јавност, дека ниту едно лице, ниту едно домаќинство нема да биде лишено од правото на социјална помош, доколку не биде извршен реален теренски увид врз основа на кои ќе се извлечат соодветни податоци.

Да не оставаме се само на социјалниот работник, бидејќи владее една, може да се каже дека владееше една запуштеност, летаргија во Министерството, Министерството изврши дополнителна супервизија на спроведувањетот на оваа одлука. Така што изминатите денови, највисоките функционери на Министерството, вклучително и државниот секретар, се вклучени во обиколка и ревизија на овој процес на примена на одлуката. Така што, за оваа ревизија, како министер, издадов и дополнителни упатства што се однесуваат претежно и на оние региони кои беа погодени од комфликтот пред две години и во оние региони каде што има на пример други објективни околности, како што беше на пример случајот со поплавата во Куманово, случаите на лизгање на земјиште во месноста Рамнина и со случајот на лизгање на земјиште во селото Гермо - Тетовско.

Значи пристапот на Министерството и центрите за социјална работа ќе биде праведен, фер и последниот суд ќе биде донесен врз основа на непосреден увид.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали господине Асани сте задоволни од одговорот?

ФАТМИР АСАНИ:

Целосно речиси не сум задоволен од одговорот, бидејќи мислам дека главен критериум околу електричната енергија не треба да биде, затоа што голем број на социјални семејства живеат речиси под исти кровови, барем колку што сум јас информиран во Куманово. Како главен критериум се гледа електричниот час, бидејќи оние што нема да ги приберат документите ќе се жалат до судот и доколку не им бидат прифатени документите дали ќе имаат некој доказ за да ја обвинат до Владата поради електричната енергија, бидејќи има и голем број семејства што

немаат часовници за електрична енергија, бидејќи тие живеат сепак во Македонија, а не живеат во Амрика, Германија или во некоја друга држава или во некој друг регион.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали ќе дадете дополнителен одговор на ова господине Манасиевски?

ЈОВАН МАНАСИЕВСКИ:

Очигледно господинот Асани не го разбра мојот одговор.

Електричното броило е еден од околуте 20 критериуми. Не е главен критериум и не може да биде главен критериум. Главен критериум е проценката на социјалниот работник дали семејството се наоѓа во состојба на социјален ризик.

Она што јас како ресорен министер и Министерството ќе го обезбеди е сите домаќинства кои што аплицираат имаат правилна и фер постапка. Притоа, документацијата без разлика што не е комплетна, доколку не е комплетна повторно се прима во центрите за социјална работа и таму каде што е некомплетна, како што постои, се врши увид на лице место да се види зошто документацијата е некомплетна. Доколку се работи за случајот за електрично борило, доколку домаќинството не го поседува, тогаш постои упатство каде што се наведени таксативно 12 категории.

Стари лица кои живеат во самостојно домаќинство.

Самохран родител со дете до 26 годишна возраст.

Лица со пречки во развојот и инвалидни лица.

Лица зависници од алкохол, дрога и слично.

Раселени лица.

Лица тешко оболени (епилепсија, туберкулоза, карцином, ХИВ и душевно болни).

Доколку лице кое нема приклучок за користење на електрична енергија во просториите во кои што живее.

Лице кое е диво приклучено на електрична мрежа.

Лице кое е диво вселено во стан.

Лице кое живее во провизорни простории од лим, картон и слично.

Значи Министерството не навлегува во други релации кои што се во домен на други јавни претпријатија, други органи со цел максимално да ги олесни критериумите.

Значи електричното броило не е единствен критериум и оние кои што го немаат има повеќе критериуми каде што ќе биде всушност заклучено дали постојат објективно околности зошто тие го немаат, доколку социјалниот работник го заклучи тоа дека постојат објективни околности тоа право ќе се стекне, односно тоа лице ќе се стекне со право на социјална помош.

Значи, процедурата е максимално чиста, максимално транспарантна и јас како пратеници ве повикувам доколку утврдите во вашите секојдневнио контакти со избирачите дека одредени центри за социјална работа или социјални работници не ги спроведуваат овие мерки онака како што е запишано мене како министер и Министерството да не информирате за да преземеме соодветни мерки.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Од Пратеничката група на ДУИ има збор господинот Абдулаќи Адеми.

АБДУЛАЌИ АДЕМИ:

Ја користам можноста да поставам три прашања.

Првото прашање е до премиерот.

Кој е ставот на Владата во однос на политиката за регионална соработка кога се знаат тенденциите на Меѓунарондата заедница за стабилност на овој регион.

Сведоци сме на многу посети во функција на создавање на една позитивна клима во овие односи. Имајќи го во предвид ставот дека Грција е претседавач на Европската Унија во следните шест месеци како ќе ја искористи Владата оваа можност додека еден нејзин сосед претседава со Европската Унија.

Второто прашање е до министерот за земјоделие, шумарство и водостопанство.

Како гледате на решавање на проблемот околу тутунот кога се знае фактот дека голем број на производителите од кризните региони немаат ни склучено договори, пред се производителите на тутун во Куманово, Скопје и Тетово.

Третото прашање е за министерот за транспорт и врски.

Кога и како Владата предвидува да се активизира железничката линија на релација Скопје-Тетово-Кичево кога се знае дека ова беше една релација, најзначајната релација во местото и поврзува многу живеалишта од Скопје до Тетово. Моментално тие се изолирани од комуникација.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Првото прашање е до господинот Бранко Црвенковски.

Повелете.

БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:

Евроатланското интегрирање на Република Македонија еден од највисоките приоритети на оваа Влада, верувам и на секоја влада на Република Македонија без разлика на парципициентите и на коалиционите партнери што ја сочинуваат.

Од тој аспект гледано сосема е во право пратеникот дека имаме една добра можност што во првите шест години од оваа година со Европската Унија претседателствува Република Грција, меѓутоа јас би додал дека една голема шанса и една голема можност претставува целата 2003 година имајќи во предвид дека во втората половина на оваа година со Европската Унија ќе претседава Италија. Значи имаме континуитет од една цела година во која што две земји што припаѓаат на непосредното опкружување на Балканот и кои што имаат и свои сопствени интереси да го промовираат Балканот во евроатланските интеграции ќе водат главен збор во Европската Унија. Во тој склоп сакам да потсетам дека Грција веднаш на почетокот на својот мандат излезе и со еден документ наречен “приоритети на грчкото претседателство во однос на земјите на Западен Балкан”, кој што е навистина една добра намра и кој што нуди една можност за промовирање и на земјите поодделно меѓутоа и на сите заедно, значи на целиот регион во однос на интегрирањето кон Европската Унија.

Регионалната соработка е еден од критериумите врз основа на кои што Европската Унија, јас би додал во оваа прилика и НАТО алијансата ги оценуваат земјите до кое ниво успеале да постигнат напредок во својот прав процес на интегрирање. Тој не е единствениот критериум, тој не е исклучив критериум, не е да се биде или не во однос на регионалната соработка и она што е многу битно за разлика од еден претходен период во последно време сосема се разјасни дека регионалната соработка не значи и третирање во пакет од страна на Брисел, било ако говориме за Европската Унија или НАТО алијансата.

Со други зборови, државите ќе бидат оценувани индивидуално, меѓутоа, ќе се цени и ќе се почитува способноста, капацитетот и желбата на секоја од земјите кои што припаѓаат на овој регион за остварување на успешна регионална соработка.

Во тие рамки и во изминатиот период, би рекол и пред 1998 година и од 1998 до 2002 година мислам дека Република Македонија навистина има што да каже и што да покаже бидејќи во различни свери се покажа како една од земјите која што е целосно отворена за севкупна соработка, значи за регионална соработка.

Тој пристап и тој приоритет го има новата Влада. Можевте да забележите дека иако неполни три месеци функционира оваа Влада сепак се оствари низа средби на високо ниво со претставници на соседните земји, на претседателско ниво, на премирско ниво, на министерско ниво и тоа е една од определбите на Република Македонија која што важи и ќе ја почитуваме не само заради тоа што тоа е еден од критериумите кој што го поставуваат евроатлакските асоцијации, туку едноставно тоа е  и потреба на самата Република Македонија, на нашите граѓани да оствари добра соработка, економска, на безбедносен, економски, кулурен, научен и секаков друг план со сите соседи и со сите земји во регионот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали сте задоволен од одговорот?

Да.

Второто прашање е упатено до министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство во врска со политиката и одлуката на тутун. Писмено ли ќе биде одговорено, бидејќи не е тука министерот.

Писмено ќе се даде одговор.

Третото прашање е поставено до министерот за транспорт и врски.

Господинот Милаим Ајдини има збор.

МИЛАИМ АЈДИНИ:

По иницијатива на населението кое живее во трие краишта поврзани со железничката линија Скопје-Кичево и заинтересираноста на претставниците од ОБСЕ во Министерството имавме контакти и со населението и со претставниците од ОБСЕ кои беа подготвени да инвестираат во инфраструктурата и дел од сигнализацијата која е неопходна за реактивирање на истата. Но, бидејќи тие би инвестирање по заземање на став на Владата за овој дел од железничкиот сообраќај, ние го покренавме прашањето на една од седниците на Владата. Ставот на Владата беше позитивен. Заинтересирани сме за овој дел на пругата. Истиот став е испратен на претставниците од ОБСЕ. Веруваме дека тие сега преземаат активности во поглед на изнаоѓање на средства за инфраструктурата и сигнализацијата на дел од пругата и во кусо време ќе имаме и конкретни резулати од оваа иницијатива на ОБСЕ.

Тие бараа став од Владата, го добија и сега се работи на тој дел.

Уште еднаш повторувам дека работата што ја преземаа дека ќе ја тераат до крај претставниците од ОБСЕ и оваа линија ќе ја имаме за кратко време.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Ве молам дали сте задоволни од одговорот?

Да.

Од Пратеничката група на Либералната партија збор побара господинот Стојан Андов.

СТОЈАН АНДОВ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги,

Првото прашање го упатувам до премиерот .

Прашањето се состои од следното.

Зошто досега не е објавен договорот заклучен меѓу СДСМ и ДУИ за работа на Владата за составување на власта.

Второто прашање го упатувам до министерот за внатрешни работи.

Од него барам писмено да ми одговори против кои сегашни министри, заменици министри, државни секретари и други функционери, именувани или избрани од новото парламентарно мнозинство или од Владата има порано поднесено кривична пријава. Во која фаза е работата и постапката по тие кривични пријави и што намерава министерот да направи за завршување на постапката по тие кривични пријави.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Првото прашање е упатено до господинот Бранко Црвенковски.

БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:

Договорот за соработка помеѓу СДСМ и ДУИ не е објавен од едноставна причина што не постои пишан, потпишан договор. Впрочем, многу од коалициите кои што до денес функционирале во Република Македонија, функционирале врз основа на други принципи и на друг начин на усогласување и мислам дека тоа му е добро познато на господинот Андов, бидејќи во изминатиот период го има искуството од повеќе коалиции вклучително и коалицијата со СДСМ и добро знае дека не сме имале потпишани склучени договори.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали сте задоволен од одговорот?

СТОЈАН АНДОВ:

Апсолутно не сум задоволен бидејќи сите досегашни влади оделе во предизборна коалиција и така доаѓале на власт. Овде е направено после, после изборите е направена оваа коалиција и во услови после војна. Затоа мислам непостоењето на договор фактички создава матна ситуација никој да не одговара за безбедносната ситуација и затоа сега ние имаме фактички две влади.

БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:

Господинот Андов добро знае дека неговата партија влезе во коалиција на петходната влада со ВМРО-ДПМНЕ пред 2002 година, некаде во 2001 година, не отидоа на избори заедно туку отидоа дијаметрално спротивставени. Значи не е точно тоа тврдење.

Од друга страна програмските основи на кои што функционира новата Влада беа изнесени пред овој Парламент при изборот на самата Влада и во писмена форма и во експозето на мандатарот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

На второто прашање побаравте писмен одговор, ќе ви биде доставен согласно деловникот.

СТОЈАН АНДОВ:

Инаку и со објаснувањето не се согласувам..

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Немате право повеќе на збор.

Ве молам да не уклучувате микрофон без моја дозвола.

Молам, дали ќе имате коментар на ова.

БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:

Не, немам коментар.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Петар Апостолов.

ПЕТАР АПОСТОЛОВ:

Господине претседателе, колеги пратеници,

Јас ќе поставам само едно прашање а тоа се однесува до министерот за транспорт и врски во врска со приклучувањето на Гевгелија со магистралниот пат Е-75, или поточно исклучувањето од истиот. Всушност тоа е и прашање и иницијатива да се промени она што сеуште може да се промени.

Сегашната состојба е најлоша како во поглед на заобиколувњето на Гевгелија, така и во поглед на сообраќајното решение. Колку што е важен квалитетот на коловозната лента толку се важни и другите придружни објекти кои се во функција на магистралниот пат. Сегашната состојба ги исклучува од магистралниот пат бензинската пумпа, сервисот за поправка на автомобили, мотелот крај Вардар и угостителскиот објект со базен. Мислам дека базен не постои никаде во такви размери, олимписки размери по целата должина на патот Е-75. Сепак најголемо значење има археолошкиот локалитет Вардарски рид.

Генерален проблем со кој се соочува позицијата на локалитетот е неговото заобиколување од главниот ток на автопатот и намалената можност за негова пофреквентна посетеност од страна на потенцијалните домашни и странски гости. Сите овие придружни објекти беа направени и добро функционираа на старата делница од магистралниот пат Е-75. Македонија не е толку богата земја да може да се откажува од такви објекти кои сеуште постојат но нивната функција е минимизирана. Нашата иницијатива, велам нашата затоа што зад оваа иницијатива стои и Собранието на општина Гевгелија, исклучувањето од магистралниот пат да биде точно каде што сега започнува, односно се спојува старата со новата делница на автопатот, а приклучувањето на магистралниот пат да биде после мотелот Вардар односно на местото на спојувањето на старата со новата коловозна лената во правец кон Грција. Не бараме повеќе од она што сега го има добиено Неготино.

Ако сакаме и практично, а не само декларативно да докажеме и кажеме дека граничниот премин Богородица -Гевгелија се порта кон Европа сепак треба таа порта и да ја отвориме со претходното предложено решение. Сметам дека Гевгелија тоа го заслужува.

Прашањето гласи: Дали Министерството за транспорт и врски ќе сака да ја увиди грешката што сега е направена во однос на исклучувањето и приклучувањето на Гевгелија од и кон магистралниот пат и да го разгледа поуденото решение?

Лично сметам дека одговорот тешко може да се даде, бидејќи треба да се согледа состојбата затоа мислам дека министерот ќе даде писмен одговор, бидејќи ќе треба да дојде и да го види теренот и она што јас го кажувам треба да се увери.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Согласно барањето претпоставувам дека ќе дадете писмен одговор.

МИЛАИМ АЈДИНИ:

Тоа не беше само прашање, беше и иницијатива како што слушнавме од пратеникот, па би побарал таа иницијатива да ја проследи до Министерството за транспорт и врски и ние ќе му одговориме писмено.

За грешките што ги спомна требаше да каже дека ги направило Министерството во поранешниот период, не сегашниот министер и сегашното Министерство.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Од пратениците кои не припаѓаат на ниедна пратеничка група, господинот Исмет Рамадани, како прв пријавен.

ИСМЕТ РАМАДАНИ:

Почитуван претседателе на Парламентот, претседателе на Владата, министри и пратеници,

Јас ќе поставам три прашања со тоа што уште на самиот почеток ќе објаснам дека првите две прашања или за двете први прашања барам писмен одговор додека за третото прашање барам усмен одговор, бидејќи комплексноста на прашањето е таква, јас и се обраќам на Владата, бидејќи тука треба да се вклучат повеќе министерства за да се дадат одговори.

Првото прашање гласи:

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Само кажете дали е до Владата во целина или до министер.

ИСМЕТ РАМАДАНИ:

До Владата.

По потпишувањето на Охридскиот рамковен договор во Брисел беше одржана Донаторска конференција. Се конкурираше со проекти и на Македонија, според тогашните податоци, и беа дадени или ветени околу 500 милиони евра.

Прашањето гласи: Колку од овие средства се пристигнати во Републиката, каде се дестинирани и кој го контролира нивното дестинирање, нивната насока?

Значи, одговорот се бара на писмено.

Второто прашање за време на вооружениот конфликт во 2001 година освен домовите и другите објекти како верски и други беа ограбени голем број на приватни претпријатија особено во оние места каде беа поставени полициските контролни пунктови. Во овој случај јас би спомнал, меѓу другото, за оние кои се заинтересирани, јас како пратеник од тој крај, Земјоделско сточарското претпријатие во Сингелиќ и Мотелот “7 браќа” на излезот од Скопје. Овие две претпријатија дадоа документи со проценета штета, официјални документи, нивни елаборати и прашањето гласи: Како, кога и од кои финансиски средства ќе ги компензира Владата штетите на овие претпријатија. Значи, одговорот се бара на писмено.

Третото последно прашање...

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине рамадани второто прашање не кажавте на кого го упатувате?

ИСМЕТ РАМАДАН:

До Владата.

Третото прашање го поставувам до министерот за внатрешни работи господинот Хари Костов.

Во времето кога се одвиваа разговорите за усвојување на Законот за локална самоуправа се сеќавам многу добро, многу долго се разговараше за декомпозирање на Републичкиот фонд за здравство. Уште тогаш ние на еден начин рековме дека овој фонд треба да се декомпозира, бидејќи постоеја индикации дека се направени големи малверзации и дека тука се вртеа големи парични средства.

По сите активности кои беа преземени до сега против корупцијата и организираниот криминал луѓето што беа уапсени, беше притворен и првиот човек на овој Републички фонд за здравство.

Прашањето гласи: За колку и за кои финансиски малверзации станува збор во Републичкиот фонд за здравство?

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

На првите две прашања ќе добиеме писмен одговор од страна на Владата на Република Македонија, а на третото прашање господинот Хари Костов ќе одговори.

ХАРИ КОСТОВ:

На почетокот би искажал една генерална оценка околу овој дел затоа што по прашањето околу контролите и поднесувањето на соодветни кривични пријави околу луѓе во Фпондот за здравствено осигурување и во определени медицински центри во Републиката се обидуваше да се претстави како некој политички реваншизам, како поднесување на пријави против генерални секретари на некои партии или координатори и тн.

Уште еднаш на почетокот да повторам Министерството за внатрешни работи нема никаква намера да поднесува кривични пријави за вршење на политички функции се додека според Законот за финансирање на политичките партии надлежните органи не утврдат некои неправилности.

Според тоа, МВР поднесе пријава против поранешниот директор на Фондот за здравствено осигурување и на неколку директори на медицински центри. Јас мора да кажам дека контролата во Фондот за здравствено осигурување и бројот на пријавите кои ќе бидат поднесени сеуште не е завршена. Можам само да кажам за досега поднесените пријави дека е утврдено оштетување на Фондот за здравство само по набавките кои се вршени во спротивност со Законот во Медицинскиот центар во Гевгелија, Велес и Прилеп. Од досега поднесените пријави по тој основ вкупната штета на Фондот за здравство изнесува 110 милиони денари. Само како илустрација Клиничкиот центар во Скопје, сите вработени, почнувајќи од докторите, чистачките, возачите вкупниот обем на нивната плата и хранарина месечно изнесува 103 милиони денари. Значи, само со овие неправилни набавки, само за овие три центри е украдена една плата на целокупниот Медицински клинички центар во Скопје, знаете колкав број на вработени има и тн.

Понатаму, ќе следат и други активности во другите медицински центри и за тоа дополнително ќе бидат поднесени соодветни докази согласно постапките кои постојат.

Уште една работа на крајот би сакал да истакнам, ова Собрание на минатат аседница имаше Годишен извештај од Државниот ревизор во кој исто така беа материјали  кои МВФР ќе ги гледа, а и Годишниот извештај на Државниот ревизор за

2000 година иако по Законот постоеше обврска воопшто не беше гледан од ова Собрание. Тоа ќе бидат материјали по кои МВР ќе работи.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Рамадани, дали сте задоволни од одговорот? (Да).

(Пратениците од Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ бараат реплика).

Секој во рамките на своето прашање, во рамките на својот одговор сноси одговорност за тоа што го зборува и ве молам реплики не можме да имаме.

Сега продолжуваме наизменично од опозицијата и од коалиционите партнери по редоследот на пријавеноста.

Има збор господинот Љубчо Георгиевски.

ЉУБЧО ГЕОРГИЕВСКИ:

Би сакал да поставам неколку прашања.

Првото прашање е до министерот за економија, независно дали е тука, прашањето би сакал да ми се одговори писмено.

Имено, по повод нафтената криза деновиве во македонските јавни медиуми секојдневно читаме како не убедуваат дека за државата ќе биде поефтино наместо вообичаената процедура и методологија со која до сега се надминувале ваквите кризи со ОКТА да се употребат 15 милиони долари од девизните резерви и МАКПЕТРОЛ да ги купи тие нови потреби за нафта.

Ме интересира во еден писмен извештај, подвлекувам, писмен извештај да ни објасни на нас пратениците министерот за економија како изгледа тоа поевтино 15 милиони долари да се потрошат од девизните резерви наместо употребата на вообичаената методологија и согласно со ова прашање се употребува постојано терминологијата дека Владата ќе склучи договор односно ќе се договори со МАКПЕТРОЛ дела ќе го ангажира МАКПЕТРОЛ или дека ќе нарача од МАКПЕТРОЛ. Значи, би сакал во контекст на истото прашање министерот за економија да ми одговори дали е запознаен дека во Република Македонија од 1998 година постои Закон за јавни набавки и секоја поголема сума на набавка во било која сфера мора да се одвива не со договор, туку со јавен тендер на кој ќе биде избрена најдобрата понуда и дали на еден премолчан начин ни се заканува најголемата корупциска афера во историјата на Македонија на една приватна компанија без тендер да и се додели набавка од 15 милиони долари.

Тоа го барам писмено.

Второто прашање исто така барам писмено, а се однесува до министерот за внатрешни работи.

Имено, во оваа голема кампања за борба против корупцијата и шверцот би сакал писмено да ми одговори министерот за внатрешни работи господинот Хари Костов што ќе преземе за слендиот случај.

Имено, веднаш по промените во Фондот за здравство врз ВД директорот ми се чини Шулевски е извршен притисок надвор од процедурата, тендерот за нафта да го додели Пуцко компани и покрај тоа што била најскапа понудата. Тоа може многу лесно да се провери во самата тендерска документација. За возврат на тоа истата компанија Пуцко компани на потсекретарот за криминал Цане Чапрагоски му има купено нов голф, претпоставувам од фирмата САСА КОМПАНИ.

Сите материјали и процедурата на корупцискиот скандал може многу лесно да се провери и би сакал министерот Хари Костов да ме извести писмено што ќе преземе за овој случај.

Третото прашање е до господинот Владо Бучковски. Имено, тој како министер во Владата на големата коалиција има направено серија на кривични дела за што има и кривична пријава која е поднесена некаде во септември. Се работи за неколку кривични дела собрани во една кривична пријава.

Имено, првото дело е за шест пати поголема цена купени резервни делови за тенкови Т-55 одколку што е барано од Генералштабот на Република Македонија, што според Законот на Република Македонија е директно кривичмп дело независно од тоа што се купени за 20 години резерви за тенковите Т-55, но тоа е прашање на диверзија на македонската одбрана, но тоа не е цел на ова прашање, прашањето е чисто кривичниот дел значи за шест пати поголеми количини отколку Генералштабот барал од него да увезе резервни делови за тенковите Т-55.

Второто дело е за интендантска опрема од фирмата “Миле Драгиќ” каде е утврдена разлика меѓу основниот договор и платената сума, резликата е во вклучување односно исклучување на ДДВ, што значи има оправдано сомнение дека министерот присвоил 19% данок на промет односно ДДВ во своја корист.

Третото дело е дотацијата од бугарската помош околу милион долари и покрај тоа што се работи за недвосмислена помош од Република Бугарија има фактури со кои таа помош уште еднаш е платена.

Прашањето до министерот и тогашен и сегашен господинот Бучковски е дали чувствува потреба да изрази јавна благодарност до Јавното обвинителство на Република Македонија што сеуште не е притворен. Пред малку господинот Хари

Костов спомна дека делата на господинот Војо Михајловски се некаде 3-4 милиони марки за кои се обвинува, овде станува збор за 11 милиони марки.

Прашањето е дали министерот Бучковски чувствува јавна потреба да изрази јавна благодарност кон Јавното обвинителство на Република Македонија што сеуште не е притворен и сеуште процедурата не е почната за овој голем корупциски скандал.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Георгиевски, почитувани пратеници согласно член 39 од Деловникот, читам, на усно поставено прашање се одговара на седницата на која е поставено прашањето.

По исклучок, ако претставникот на Владата изјави дека не е во можност од оправдани причини да даде устен одговор, должен е одговорот по писмен пат да го даде во рок од 10 дена, по исклучок ако оцени претставникот на Владата. Затоа јас зза секој писмен одговор го консултирам прозваниот министер на кого е поставено прашањето дали се согласува да даде во писмена форма, тоа морам да го сторам и сега.

Првото прашање е до господинот Филиповски, имате право во писмена или во усна форма да го дадете одговорот.

ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:

Јас ќе дадам устен одговор.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Имате право на потпрашање.

ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:

Веќе 20 дена од 9 јануари отпочнати се разговори со ОКТА околу обезбедувањето на количини кои треба да претставуваат доволни резерви во услови кога се најавува криза во Ирак.

Денешните резерви, јас зборувам вон државните резерви, претставуваат за поедини производи за 14-15 дена.

Бидејќи потребата е навистина голема за да се набават доволни количини на резерви на нафтени деривати и со оглед на тоа дека ОКТА до скоро го поставуваше условот Владата да не ги наплати 13-те милиони долари кои се по основ на царина и

царински давачки неплатени во поранешниот период. Исто така условуваше согласно членот 8 од Договорот кој го има потпишано претходната Влада, што значи ексклузивитет исклучиво само за ОКТА, а Владата на господинот Георгиевски врз основа на притисокот од Европската Унија и врз основа на Спогодбата за трговија со ЕУ, беше принуден да отстапи од тоа решение што го има потпишано со Хеленик-Петролеум, значи можно е да се јават како дистрибутери за тој производ повеќе компании.

Владата ги дополни државните резерви и согласно Законот за државни резерви Владата на Република Македнија постапува, за да има доволно количини на пазарот со што ќе може да се гарантира снабдувањето на населението и на стопанството во РМ. Ако веќе се зборува за корупциски скандал, тешко ќе може да се стигне тој скандал што беше направен со ОКА во следните 100 години.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали господинот Ѓеоргиевски е задоволен од одговорот.

ЉУПЧО ЃЕОРГИЕВСКИ:

Мислам дека господинот Илија Филиповски одговараше на сосема друго прашање. Затоа уште еднаш би инсистирал, не навлегувајки во Договорот меѓу Владата и ОКТА, да одоговри на конкретното, писмено, затоа и инсистирав писмено и затоа го изразувам моето незадоволство од одговорот.

Писмено да ни објасни на нас пратениците, врз основа на двете понуди за актуелниот проблем на ОКТА и на Макпетрол, да се направи анализа како тоа изгледа, да се потроШат 15 милиони долари од девизните резерви е поевтина цена за државата одколку да се примени вообичаената методологија со која досега се надминувале ваков тип на кризи. Затоа инсистирам писмено, математички, преку бројки, да ни се даде објаснвуање на нас пратениците, да не убедат што е тоа што е поевтино и по корисно за државата и за нашите граѓани.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали господинот Филиповски на ова да даде одговор.

ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:

Сакам да доодговорам и на ова додатно прашање.

ОКТА инсистира на примена на методологијата, што значи денес тоа што ќе се купи по една утврдена цена на нафтата,  значи дека во следниот период кога цената на нафтените деривати ќе падне, во тој случај треба да се пегла таа цена. Тоа што државата  го купува, го купува со фиксна цена и не ги поминува цените кои денес се на пазарот. Очигледно Георгиевски сеуште мисли на ОКТА и ги застапува интересите на ОКТА.

НИКОЛА ПОПОВСКА:

Господине Георгиевски немате право да дискутирате по ова прашање.

Сакам да ве упатам на следното.

Согласно Деловникот, ако министерот или друг функционер на оваа седница сака да даде усмен одговор, должен е да го даде и тој одлучува за тоа, а ако сте незадоволен, останува тоа на јавноста да цени.

Ако сакате да добиете и писмен одговор, ве упатувам веднаш на оваа седница , кога ќе заврши, да упатите и писмено прашање и на наредната седница, според Деловникот ќе мора на истото да ви се даде и писмен одговор. Тоа е процедурата.

Господинот Хари Костов беше прозван за следното прашање, иако можеби за здравство беше прашањето. Прашањето беше упатено до вас, меѓутоа беше прашањето за работата на Фондот за здравство, колку што разбрав.

Повелете ако сакате да одговорите.

ХАРИ КОСТОВ:

Бидејки прашањето беше поставено до мене, јас на кратко сакам да одговорам.

Не постои разлика за тоа дали се однесува за сегашен или поранешен директор на Фонд за здравство и т.н. Ние ваква информација немаме.

Јас му благодарам на господинот ЃеорГиевски ако му е точна информацијата, што денес ни ја дава и јас му гарантирам дека веќе од утре, не само МВР туку и оние кои во државата имаат надлежност од аспект на јавните набавки, ќе се спроведе контрола на оваа набавка во Фондот за здравство.Меѓутоа, очигледно има една погрешна информација, можеби и повеќе, меѓутоа на ова прашање една .

Господинот Цане Чапраговски, потсекретарот на крим полицијата во МВР, нема свое приватно возило и не му е купено никакво возило, нов голф, а уште помалку пак дека му е купено од “Саса”. Господинот Чапраговски за службени

потреби користи службено возило од МВР, “ровер” , возило кое е набавено во претходниот период. Според тоа, во делот кој се однесува на контролата во Фондот за здравство, околу оваа набавка, писмено ќе биде информирано и Собранието.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине ЃеорГиевски дали сте задоволен од одговорот.

ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ:

Сакам писмено да ми се одговори по ова прашање.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Министерот прифати, ќе бидете писмено известени.

Третото прашање е до министерот за одбрана, господинот Владо Бучковски.

ВЛАДО БУЧКОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Наместо да изразам јавна благодарност до обвинителството, изразувам јавна благодарност до пратеникот Георгиевски што ми даде конечно можност, бидејќи толки ги носам овие материјали. Мислев , кога се бираше Владата ќе разговараме на оваа тема. Конечно еднаш да се избришам од постојаното пљукање кое трае веќе десетина месеци, сврзано за трите конкретни случаи, за кои вие говорите.

Јас ќе ве потсетам точно кога ја поднесовте кривичната пријава. Тоа го сторивте на 6 септември, 9 дена пред одржувањето на изборите, по упадот што го направи, од 2 до 5, во Министерството за одбрана вашиот односно на господинот Љубе Бошковски  десната рака, во тој момент помошник директор на државата за безбедност и контраразузнавање, популарниот Кесковски, поранешниот шеф на обезбедувањето на Г. Трајковски.

Да преминеме на работа за тоа што вие сакавте да го претворите парламентот во јавна судница јавно ми судите веќе пвоеќе од 10 месеци. Бидејкаи е јавноста овде судијата што треба да пресуди, бидејки вие тврдите дека јас сум виновен, непочитувајки го тоа што претходно го баравте, не спомнувајки имања од колегата Костов, ќе тргнам по ред:

Тенковите Т55 и резервните делови, вашата стара болка за која постојано ме потсетувате по медиумите, ќе ви посочам неколку докмуенти, а претходно да ви

кажам, откако ќе отидам, ќе ви ги оставам сите овие материјали, бидјеки имам многу копии.

Министерството за одбрана во времето на кризата вршеше набавка на резервни делови од повеќе места. Вие тоа многу добро го знаете. Имавме нарачано резервни делови за тековите Т55 од СР Германија, но заради забраната за извоз од страна на Владата на СР Германија не успеавме тоа да го направиме и затоа склучивме договор, повикувајки се на Договорот што го склучил поранешниот министер Кжусев со МЗТ ФОП. Договорот е склучен, ќе го видите Договор, доверлив, број 1611/185 од 18.11.1999 година.

Министерството за одбрана и МЗТ ФОП се договориле, точка 1-4 од членот 1 дека вршителто МЗТ ФОП се обврзува дека Ќе изврши ремонт, ќе ги стави на располагање резервните делови, а за возврат Министерството за одбрана се обврзува: "Ќе изврши набавка на резервни делови за тенковите Т55, за одржување, ремонт и ќе создаде лагер на резервни делови во магацините на Министерството за одбран аи ќе ги користи со соодветна конверзација и ќе ги подига записнички.

Спорниот Договор за кој вие говорите и кој се склучил во момент ког анемаше повеќе од 37 милиони денари за овие набавки, беше направен на тој начин што 37 милиони денари беа платени веднаш, повикувајки се на овој претходен договор, а другите делови беа оставени на лагер на сеуште стојат во Министерството за одбрана, во магацините, а договорот не е реализиран бидејки во меѓувреме, по нашето излегување од Владата вие го оспоривте овој договор и овој договор останува спорен. Се обидувам јас во најскоро можно време да најдеме рпавна разрешница на спорот кој постои. Значи во овој момент наместо да тврдите дека државата е оштетена за 220 милиони, напротив дрежавата има 220 милиони во роба, на лагер резервни делови кои не се платени на МЗТ ФОП.

Ворито дел е вашата омилена тема, интенданската опрема.

Ќе ве потсетам Г.Ѓоргиевски затоа што пред некој ден кога ги укинувавме лавовите ни се вратија сликите од оние наши средби и во Владата и во Советот за безбедност, ког аја донесовме Одлуката да формираме здружени сили и каде што ни дадовте задача министерот за внатрешни работи да подготви сили, д ане ги спомнувам колку, да не дојдам на граница на откривање на некоја државна тајна, па да ми се закани Бошковски, како што му се закани на Костов, дека ќе ме клевети.

Донесовте Одлука да ги опремиме овие единици. Бидејки е постапката поедноставна во МВР, прво тоа го направи МВР. Истата опрема ја набави и одбрана. И долго време не можев да сватам зошто, додека бев уште во вашата

Влада ја отворивте целата приказна за таа опрема, интенданска за специјалните единици во Министерството за одбрана, а не ги погледнавте цените во МВР. Тоа ми се разјасни, право да ви кажам во еден поранешен ваш близок медиум, кога бевте на власт и ќе го цитирам тој дел што мене ме наведе на прагот дека можеби во таа грмушка лежи зајакот.

Еден новинар вели вака:

“По контра ударот може да се очекува дека двоецот Димовска-Бучковски ќе ја активираат аферата за набавка на оружје за Армијата и за МВР. Тогаш Бучковски беШе обвинет дека набавил оружје и опрема од Србија по повисоки цени, што всушност беше обвинување на Димовска против Бошковски, бидејки тој за потребите на МВР поскапо го плати и оружјето и опремата, за разлика од неговито колега од одбраната”.

Не верував дека е така и се уште не верувам, но вие сами да се уверите, или да ви помогне мојот поранешен колега, Бошковски, ќе ви го оставам и овој список, и поединечно се како е набавено, ќе го споредите. Стојам на располагање, има анкетни комисии, не само обвинителството, да направи прецизно , ставка по ставка, споредба со се она што е направено и одговарам како Владо Бучковски, овде пред пратениците, морално и со својата чест, дека се е во рамките на Законот.

Третиот дел веќе не вреди да го коментирам. Ќе направевте за малку дипломатски инцидент, убедувајки ги нашите бугарски колеги, одејки до таму да барате изјави и од луѓе блиски од тогашниот министер за одбрана, од началникот на Генерал штабот да потврди дека е направена злоупотреба. Чиста е работата. Дури и вашиот уметник Кецковски не успеа за тоа трето дело да исфабрикува кривична пријава и останавме за овие две, за кои претходно ви говорев. Така што, почитуван пратеник Ѓоргиевски, онака како што ветив, ви оставам примерок од сето ова, верувам дека за 4 недели ќе имаме можност повторно вака да разговараме. Верувам дека до тогаш ќе ги проверите сите овие наоди и очекувам барем толку да бидете доблесен и еднаш да признаете овде јавно и да се извините некому.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали сте задоволен од одговорот , Г.ѓеоргиевски.

ЉУПЧО ЃЕОРГИЕВСКИ:

Баш би сакал, Г. Бучковски кога ќе ги средите овие копии да ми ги дадете.

Изгледа и Г. Бучковски не го разбрал добро моето прашање и затоа не сум задоволен од одговорот, од едноставна причина што видов дека тој многу добро си ги знае кривичните дела, според оној начин како си ги објаснува.

Јас не побарав тој да ни ги објасни кривичните дела, само го запрашав дали е благодарен до Јавното обвинителство што за овеи кривични дела за кои се поднесени кривични пријави , сеуште не е притворен и процедурата не е почната во Јавното обвинителство. Ако е толку чист, како што денес објаснува, има единствен начин, нека се забрза процедурата во Јавното обвинителство нека се истера процедурата и нека си докаже човекот дека е чист, не овде , туку во Јавното обвинителство.

Што се однесува за јавниот напад, јас мислам од 15 септември наваму, ако некој е јавно нападнат и растргнат за вакви дела, тоа се луѓето на ВМРО-ДПМНЕ. Така што , од време на време, ако некој претставник на СДСМ се најде погоден и обвинет за корупција , не треба тоа да го сваќа лично. Едноставно се работи за една колективна борба против корупцијата во РМ и секој треба да прифати, пред Јавниот обвинител , во една процедура тоа да си го докаже дека е чист и дека нема ништо. Така што не сум задоволен од одговорот затоа што беше во сосема друг правец насочен.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Г.Бучковски дали на дополнителното објаснување ќе кажете:

ВЛАДО БУЧКОВСКИ:

Што дополнително да му објаснам ког ане ја сваќа елементарната работа дека фактите се посилни од обвинувањата. Не моат да се напишат толку кривични пријави, колку што може да процесуира, не еден туку сто јавни обвинители, во време ког ае извесно дека Г. Ѓеоргиевски сакаше да покаже, но не успеа ни да докаже ни дел од тоа дека дел од луѓето од тогашната опозиција се криминалци.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Имаше дополнително прашање Г. Караџовски, ве молам оставете ме да си ја вршам работата. Имаше дополнително прашање дека е промашен одговорот, а дека вистинското прашање е тоа што е.

Ве молам оставете ме, не можеме сите сега да оценуваме. Внимателно слушам.

Продолжуваме со пратенички прашања.

Г.Голомејов Благој има пратеничко прашање.

БЛАГОЈ ГОЛОМЕЈОВ:

Почитуван претседателе, почитуван премиер, министри во Владата на РМ.

Моето прво прашање е до Министерството за финансии односно до Г. Гошев.

Еден од главните приоритети на Владата на РМ, ако што е познато е зауздување на галопирачката сиромаштија, преку отворање на нови работни места и во тој правец се предвидени и неколку проекти за стимулирање на претприемаштвото и развојот на мали и средни претпријатија кои се основен генератор, како и сегаде во светот, на отворање на нови работни места. Меѓу другото предвидено е со тие проекти соодветни кредитни линии од поволни услови кои треба да бидат во функција токму на разрешување на овие проблеми кои се стратешки за оваа Влада.

Она што мене ме ентересира е следното:

Во 1999 година, после признавањето на Тајван беше оформена една агенција, Агенција за обнова и развој. Дел од неа, трансформирана иликако таква сеуШте постои. Меѓутоа, она што ме ентересира е фактот дека преку таа Агенција беа пласирани десетици милиони долари во вид на кредити кои требаШе да ја имаат истата таа функција, развој на малите и средни претпријатија односно стимулирање на претприемаштвото.

Според информациите со кои располагам и кои кружат во јавноста, евидентно е дека голем дел од тие средства се злоупотребени односно воопшто не се враќаат.

Мене ме интересира, дали Владата има намера преку објавување на корисниците на овие кредити и инфорамција за фактичката состојба за тие средства, како и со другите законски средства, да изврши притисок, тие кредити д апочнат да се враќаат и тие средства исто так ада се стават во функција на она за што се и наменети.

Второто прашање се однесвуа на Министерството за економија. Прашањето е следното:

Има ли можност Министерството за економија да определи еден или двајца, можеби еден тим од свои советници кои ќе се позанимаваат глобално со Штипското стопанство, бидјеки трите основни столба на Штипското стопанство “Црвена Звезда”,

“Македонка” и “Астибо”, во условите на трансформација беа, некои од нив “Црвена Звезда” и “Македонка”, поделени на повеќе профитни друштва, отпочнатa приватизација е дојдена до различни степени. Има многу шпекулации за тоа  што е направено, до каде е дојдено. Тоа се однесува и за другите стопански капацитети, како што се “Селена”, “Метална”, “Југотутун”, “Алумина” и т.н.

За да нема шпекулации и да се забрза процесот на трансформација во правата смисла на зборот, бидејки во спротивно, јас можам да кажам, не очекува социјална експлозија во Штип. Значи за да се забрза овој процес и да се согл4едаат вкупните состојби добро е да се определат еден или двајца советници од Министерството за економија, а тоа може да се напраив и за другит епоголеми градови, што восогласнсот и во соработка со Локалната самоуправа и другите релевантни фактори, ќе се дојде до релевантни податоци и да се забрзаат сите овие процеси, да се прекине со шпекулациите и манипулациите со вработените во овие комбинати, бидејки во спротивно работата не ни чини.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Му благодарам на Г.Голомејов.

Првото прашање беше упатено до Г.Петар Гошев, министер за финансии.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Владата има увид во онаа, на интересен начин, формирана Агенција за развој и инвистиции и има увид како работеше таа агенција во изминатиов период. Познати се средствата кои ги доби од Република Кина - Тајван и определени грантови. лица кои добиле кредити од тајванските врски и од меѓународната банка на Република Кина и определени грантови исто така, познати ни се фирмите и лицата кои добиле кредити или подароци од таа банка. Подароци затоа што давани се средства и без писмени договори, без обезбедени соодветни гаранции и има точни информации за тоа кој вратил од тие средства и кој не вратил. Меѓутоа, јас не би ги цитирал сите тие фирми и сите тие износи поделени или неподелени.

Само да Ве информирам дека Министерството таму испрати финансиска контрола и се подготвува конкретен извештај, а исто така ќе имаме и точна оценка и проценка што тожно треб ада се покрене врз основа на работењето во таа агенција и, се разбира, за соодветна одговорност на лицата кои работеа и одлучуваа за парите преку таа агенција. Засега мислам дека би било довоно тоа да го кажам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали сте задоволни од одговорот?

БЛАГОЈ ГОЛОМЕОВ:

Да, благодрам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Второто прашање е поставено до г-динот Илија Филиповски, министер за економија.

ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:

За жал, во Штип наследивме многу проблеми. Што се однесува до "Македонка", долговите на сите делови на "Македонка", ми се чини дека се осум друштва, изнесуваат околу 60 милиони евра и поголемиот дел односно речиси сите се во стечај и ликвидација. Две од нив, а тоа е "Македонка - предилница", и "Македонка-ткаенини" се во листата на ФЕСАЛ аранжманот и за нив се води постапка за продажба на јавен тендер. Таму е проблемот на несоодветните стечајни управници, кои немаат положено испит, така што се работи на тоа овие денови да се изврши промена на стечајните управници.

Истовремено, Министерството за економија е во контакт и работи на тоа да обезбеди повеќе поранешни судии или правни експерти за да помогнат во реализација, за забрзување и подобро реализирање на стечајните постапки со оглед на тоа што со вакви долгови тешко ќе може овие претпријатија да ги продадеме. Значи, се работи на тоа да се направи таков тим.

Што се однесува до "Астсибо", согласно подготвеноста која постои со документацијата, очекуваме во најскоро време, на почетокот на март, да се отвори меѓународен тендер за продажба со тоа што меѓународниот консултант е оптимист дека навистина ќе може добро да се продаде овој комбинат.

Сличен е проблемот и со "Црвена ѕвезда" од Штип, каде што имаме повеќе претпријатија ки се отидени во стечај. Значи го има истиот проблем, како што зборував за "Македонка", потребно е што побрзо, се согласувам со пратеникот, да се активираат сите служби, вклучувајќи ја и судската постапка, особено во Судот во Штип, во кој навистина досега не ни е туку Светсската банка има забелешки на начинот на работењето. Се надевам дека тоа ќе се отстрани во натамошниот период.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Му благодарам на г-динот Филиповски.

Дали господинот Голомеов е задоволен од одговорот или бара дополнување?

БЛАГОЈ ГОЛОМЕОВ:

Благодарам за одговорот на г-динот министер.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

На ред да постави прашање е г-динот Блаже Стојановски. Ве молам повикајте го, го видов сега излезе од салата, затоа што редот ќе го испушти и ќе дојде на крајот од листата.

Има збор пратеникот од опозицијата г-динот Илјаз Халими.

ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги, почитувани министри,

Сакам да поставам две прашања. Тие се повеќе во вид на барања. Првото прашање повеќе се однесува на претседателот на Парламентот.

Според деловникот за работа на Собранието на РМ е обезбедена употреба на албанскиот јазик на сеансите на парламентот и во работата на комисиите. Тоа што го говорат пратениците албански се преведува на македонски јазик. Меѓутоа, проблемот лежи во тоа дека не сите албанци граѓани на Македонија го разбираат овој јазик. Затоа, тие сакаат директно да ги слушаат своите претставници, тие што ги избрале кога зборуваат на албански јазик. Тие албански граѓани сакаат да ги слушаат преведени на албански јазик и дискусиите на македонските пратеници.

За да се обезбеди тоа, барам од вас како претседател на Собранието на РМ, да биде обезбедено од страна на Македонската радио телевизија сите парламентарни сеанси да се сведат и во рамките на Третиот канал, каде сега се обезбедува 10 часовна програма на албански јазик. Ние како албански пратеници не сме заинтересирани само нам да ни биде олеснета работата кога се изразуваме и говориме на нашиот мајчин јазик, туку да може и нашиот електорат подобро да го разбере тоа што го кажуваме тука. Само на овој начин ќе има смисла употребата на албанскиот јазик во Парламентот. Поинаку нема да се постигне саканиот ефект. На крајот на краиштата, ова право е гарантирано со Рамковниот договор доколку сакаме тоа право да го толкуваме соодветно.

Второто прашање е упатено до премиерот како потписник на Рамковниот договор но и до другите потписници. Барам од четворицата лидери, претседателот на државата и претставниците на меѓународната заедница, сите потписници на рамковниот договор да вршат соодветно толкување на членот 7 алинеја 2, каде се вели дека секој друг јазик кој се говори од најмалку 20% од нселението, исто така, претставува службен јазик како и неговото писмо.

Зошто го поставувам ова прашање?

Затоа што овие денови сме сведоци на појавување бројни дилеми во однос на тоа каде може, а каде не може да се користи албанскиот јазик. Има различни своеволни толкувања на пратеници или пак на разни претставници на јавни институции. Факт е дека се јавуваат проблеми околу користењето на албанскиот јазик во Собранието, било на сеансите или на седниците на комисиите. Според едно толкување, албанските пратеници може да зборуваат албански на седниците на Собранието, но не и кога тие ги водат седниците на комисиите.

Исто така, материјалите за седниците на Собранието, албанските пратеници ги добиваат само на македонски јазик. Имајќи ги предвид овие дилеми, како и другите кои утре задутре, може да се појават, барам да се изјаснат тие што ги направија овие промени со Охридскиот договор, а не тоа да се остава на Комисијата за уставни прашања на Собранието на РМ, затоа што предвреме знам кој ќе биде одговорот. Обично на тие состаноци се одлучува со мнозинство гласови и албанските пратеници ќе бидат надгласани.

Исто така, како помош на потписниците на Охридскиот договор предлагаме да ни се приклучат и четворица пратеници кои се од различни политички партии, кои овие денови беа во посета на Белгија и Финска, со цел поблиску да се запознаеме со тоа како функционира двојазичноста таму.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Пратенички прашања од пратеник до пратеник не е предвидено да се поставуваат, ниту од пратеник до претседатели на политички партии, туку само до носители на државни функции.

Во врска со првото прашање што мене ми го поставивте, Собранието прави договори да овозможи технички можности, сигналот од Собранието до МРТВ да оди оригинален за Третата програма и да се слуша говорот оригинален така како што се слуша во Собраниската сала. Понатаму, што ќе прави со тој сигнал Третата прогрма на МРТВ е предмет на уредничката политика внатре. Ние ќе го обезбедиме

директниот сигнал, што значи вашите говори да си одат на таа програма на албански јазик, а внатрешната политика на МРТВ, барем јас не можам да одговорам што понатаму ќе прави со тој сигнал, како ќе го дистрибуира, дали во оригинал или дополнително ќе го модификува.

Второто прашање е до г-динот Бранко Црвенковски, претседател на Влаата на РМ.

БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:

Господинот Халими всушност не упати прашање до мене, туку упати барање за поставување, и втора работа не го упати прашањето како до претседател на Влда, туку како до еден од потписниците, а јас таму се наоѓам како потписник, како претседател на политичка партија.

Без разлика на тоа, сепак, во кратки црти би сакал да дадам одговор на хипотетички поставеното прашање од господинот Халими. Имплементацијата на Рамковниот договор е еден од највисоките приоритети на оваа Влада и тоа беше истакнато при изборот на Владата кога се образложуваа програмските основи, на кои ќе функционира извршната власт во РМ во наредниот период. Никој од партиципиентите во Владата не оспорува или не проблематизира некоја од одредбите или било која одредба на Рамковниот договор.Тоа е компромис кој е постигнат договор, кој е потпишан и по него сега треба да се постапува односно тој да се реализира.

Она што би сакал да го кажам во оваа прилика што можам да забележам дека некои од другите потписници, кои не се партиципиенци во главната коалиција, на еден или друг начин го оспоруваат Рамковниот договор прогласувајќи го за пропаст на државата, било споменувајќи го во една или во друга форма, дека можеби на Македонија и е потребна уште една војна за да се постигне вистински договор. Мислам дека овој апел, што го упатува г-динот Халими треба да биде повеќе адресиран до другите потписници на Рамковниот договор.

Притоа, би сакал да истакнам дека одредбите за кои говори пратеникот Халими веќе се преточени во уставни решенија. Повеќе не сме на ниво каде треба да го толкуваме или интерпретираме Рамковниот договор, туку да ги спроведеме и реализираме уставните промени, амандманите кои беа донесени и станаа составен дел на уставот. Веќе во наредниот период ќе почнат да пристигнуваат во Собранито повеќе закони кои произлегуваат од Рамковнот договор и по тие закони ќе се изјасни Собранието на РМ. Интинцијата на Владата е, решенијата понудени во тие закони

да бидат целосно во рамките на она што беше договорено, без интенција било што да се измени или да се отворат нови преговори за клучните решенија или прашања содржани во Рамковниот договор.

Значи, Владата останува цврсто на овие определби, мене би ме радувало и ги повикувам и опозоционите политички партии, пред се оние кои во моментот се опозиција, но во моментот на потпишувањето на договорот беа позиција и власт и кои и самите се потписници, навистина со конструктивен пристап да учествуваат во овој процес што ни претстои.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали сте задоволен од одговорот г-дине Халими.

ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:

Се разбира дека не сум задоволен од одговорот. Факт е дека тука се работи за сите потписници на договорот, меѓутоа, пред се е премиерот, затоа што тој е премиер на една држава. А оваа држава е одговорна за имплементацијата на Охридскиот договор и дилемите се актуелни. За нив секојдневно разговараме. Дилемата околу толкувањето на членот 2 од Рамковнот договор, но и Деловникот на Собранието постои меѓу двата партнери на оваа владина коалиција. ДУИ вели дека претседаважот на Комисијата може да говори на нивниот мајчин јазик, СДСМ вели дека не може, затоа што имаат поинаква интерпретација на овој член и затоа треба да добиеме соодветени толкувања, освен од оние кои се согласиле како треба да изгледа тој Договор. Затоа ни треба детално и посоодветно толкување на овој член, со оглед на фактот дека продолжуваат состаноците на потписниците на Охридскиот договор, зошто на тој состанок не би се разговарало и не би се направиле овие разјаснувања околу ова, со цел да не се соочуваме со вакви дилеми и да не влегуваме во полемики непотребни меѓу себе.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор г-динот Бранко Црвенковски.

БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:

Институтот  пратенички прашања постои за да може претставниците на законодавнот дом да упатат прашања на претставниците на извршната власт, значи Владата, или до други претставници, а денес можете да забележите дека тука е

присутен и гувернерот на Народната банка, значи носители на државни функции, избрани од страна на Собранието на РМ, за да се постават прашања од делокругот на вршење на државните функции. Мислам дека е неупатно овде да се отвора дебата околу односите меѓу политичките партии и нивото на разговорите, усогласувањата итн. Впрочем, пратеникот се лоцира на едно прашање кое, пред се, е во доменот на законодавната власт, значи како согласно Рамковниот договор треба да се користи јазикот во процедурите во Собранието. Мислам дека е неупатно, од аспект на поделеноста на власта, законодавна и извршна, да се бара прашање, толкување и одговор од страна на извршната власт за процедури што се водат во рамките на Собранието. Факт е дека  пратениците се припадници на политичкки партии, факт е дека ќе има процедура на меѓусебно усогласување и разговарање, се со цел да се најде една заедничка солуција, меѓутоа, принципиелно мислам дека не треба да се инволвира извршната власт во процедура која му припаѓа на Собранието.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам на г-динот Црвенковски.

Нареден кој поставува прашање е г-динот Јордан Михајловски.

ЈОРДАН МИХАЈЛОВСКИ:

Почитуван пртседателе, почитуван претседател на Владата, почитувани пратеници,

Прашањето го поставувам до Министерството за транспорт и врски.

Коридорот 8 Исток-Запад е голем стратешки интерес на Република Македонија. За него постои поширок регионален интерес и можност од поширока меѓународна поддршка. Овој коридор го сочинуваат три значајни сегменти и тоа: нафтовод, автопат, во рамките на кои влегуваат 40 километри автопатско поврзување на општината Крива Паланка преку Страцин  до Деве Баир, во моментот една од најопасните и руинирани делници во Македонија. Меѓутоа, моето прашање е насочено кон третиот сегмент на Коридорот 8 а тоа е железничката пруга на делницата Куманово-Деве Баир.

Не навлегувајќи во проблемот, на слабиот интензитет на градежните работи и незаинтересираноста на државата во последниве четири години, а особено во последнава година, кога се доцнеше со донесувањето на проектите, се констатира

дека и окрај одредени активности, железничката пруга Куманово-Деве Баир не се гради со планираната динамика.

Поаѓајќи од фактот, што оваа пруга е во функција на поврзување на поширокиот регион, укинување на комуникациските бариери, забрзан економски развој, со позитивни влијанија за развојот на локалната економија на Крива Паланка, ја прашувам Владата односно Министерството за транспорт и врски за следното.

Дали има можност во разумен дифиниран рок да се нарпават проекти за делницата Долненци - Крива Паланка во должина од 6 км, како и проекти за делницата Крива Паланка - Деве Баир во должина од 11,2 км. Меѓу другото, ова е една од пречките една година да не се работи на овие делници.

Прашувам, дали е дефинирана финансиската конструкција и динамиката на работите на пругата Куманово - Деве Баир.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали имате само едно прашање?

ЈОРДАН МИХАЈЛОВСКИ:

Да.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господинот Милаим Ајдини, министерот за транспорт и врски.

МИЛАИМ АЈДИНИ:

Во насоката Исток-Запад од коридорот 8 влегува и железничката линија, како што спомна пратеникот, и тоа досега оваа реконструкција се вршеше од буџетските средства на Република Македонија и тоа јас ќе спомнам дека за 2002 година се инвестирани 250 милиони денари, кои се исплатени во вид на разлика на цени, затоа што долго време не биле платени тие субјекти или фирми кои работеле во таа делница.

Во врска со тоа дали се дефинирани конкретно финансискиот дел или финансиската конструкција, се прават напори затоа што и досега во овој поглед се потпишани меморандуми помеѓу државите кои се во регионот во поглед на тоа за Пактот за стабилност. Ние тука имаме испратено и барања и вакви писма, меморандуми и до меѓународните институции, гледајќи ја оваа насока како приоритетна, меѓутоа, конкретни резултати или конкретна финансиска конструкција,

немаме. Само за информација ќе спомнам дека имаме кон Бугарија уште 55 км. во железницата да се извршуваат и во другиот правец во поглед на коридорот 8 кон Албанија имаме 66 км. Овој дел кон Бугарија е предвидено да чини 338 милиони долари, од кои се инвестирани 121 милион, а треба уште 217. Тоа се податоци кои ги давам само за да ги имам како податоци.

Ние правиме напори за да обезбедиме финансиски средства и да го завршиме тоа. Уште еднаш истакнувам дека конкретна финансиска динамика, немаме.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Дали г. Михајловски сте задоволен од одговорот.

ЈОРДАН МИХАЈЛОВСКИ:

Благодарам.

Од одговорот сум задоволен, меѓутоа, со една забелешка, не пречи ништо, не се бара некоја посебна финансиска конструкција, туку тоа се мали пари за да се заврши проектирањето на овие делници, за да инсталациите од претпријатијата кои се таму и тие мислам дека се подготвени, без разлика што нема финансиска конструкција, да работат. Проблемот е во проектирањето. Инаку, сум задоволен од одговорот на министерот. Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Господине Ајдини дали сакате коментар на дополнителното прашање?

МИЛАИМ АЈДИНИ:

Ако нема финансиски компликации или не се бараат големи финансиски средства, јас верувам дека тие фирми кои работат таму ќе пристапат кон реализација на истото. Уште еднаш спомнувам ако не е во прашање голема финансиска сума.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Господинот Блажо Стојановски.

БЛАЖО СТОЈАНОВСКИ:

Првото прашање би го поставил до претседателот на Владата на Република Македонија и тоа гласи:

Дали Владата уште ќе ги држи во неизвесност семејствата кои имаат добиено на користење социјално станови на легитимен начин и дали ќе ја преиспита регуларноста на одлуката за поништување на огласите, што најблаго кажано е проблематично од правен, политички и воопшто човечки аспект, бидејќи се работи за најзагрозени семејства, корисници на социјална помош без решено на станбено прашање и без елементарни услови за нормално живеење.

Второто прашање би го упатил до министерот за внатрешни работи Хари Костов и тоа гласи:

Кога ќе бидат доставени информациите од Владата по однос на заклучоците на Анкетната комисија на ова Собрание, а кои се однесуваа на судбината на киднапираните лица, особено со оглед на фактот дека оној што може да го даде одговорот на ова прашање е токму коалициониот партнер на СДС, Али Ахмети. Едноставно кога Владата воопшто мисли да го затвори ова прашање.

Третото прашање се однесува на увозот од странство на патнички моторни возила и товарни возила. Притоа, годината на производство на возилата на нашите граѓани ја одредуваат од податоците заведени во сообраќајната дозвола. Прашањето ми е упатено до министерот за финансии Петар Гошев, во чиј ресор спаѓа и Царинската управа на Република Македонија.

Околу 700 граѓани на Република Македонија кои увезоа возила на 11 и 12 месец минатата година се соочуваат со непријатности кои потекнуваат од т.н. хомологација, која ја издава Машинскиот факултет во Скопје и со која не се признава официјалниот документ за хомологација и за утврдување на староста на возилото, така наречено ТИП од Минхен од Германија, туку по критериуми од Машинскиот факултет, се утврдува староста на возилото. Со ова граѓаните на Република Македонија се доведуваат во состајба на заблуда и нерамноправност. Впрочем, случајот за кој станува збор многу добро и е познато и на царината и на Машинскиот факултет, но до денес тие граѓани се држат во состојба на неизвесност. Прашањето гласи:

Зошто не се признава официјален документ ТИП од Минхен Германија, кој е валиден во ЕУ и се создава правна несигурност на граѓаните со арбитрирање од страна на Царинската управа и Машинскиот факултет и кога ќе се одговори по

однос на ова прашање на околу 700 лица кои се директно засегнати и кои извршија блокада на патиштата на Република Македонија, со цел да го актуализираат овој проблем.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Му благодарам на господинот Стојановски.

Првото прашање до премиерот на Република Македонија. По Деловникот, со оглед дека се работи за прашања од карактер на некои од ресорите, можете да го пренесете правото на надлежниот министер да одговори.

БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:

Благодарам претседателе, претпоставувам дека министерот за транспорт и врски е повеќе запознат со проблематиката на која што се однесува прашањето, меѓутоа, бидејќи пратеникот прашањето го упатува до мене, да не се свати дека избегнува да одговоран, сосема накратко ќе одговорам. Веднаш по конституирањето на оваа Влада, до неа беа покренати неколку иницијативи, претставки и поплаки, било од граѓани, институции и од Народниот правобранител. Дека, конкурсот врз основа на кои што претходната Влада ги има распределено т.н. социјални станови, е реализиран спротивно на законот. Владата беше должна по истите да провери и да постапи. Што се констатираше? Се констатираше дека навистина претходната Влада распишала конкурс и доделила станови спротивно на Законот, во најмалку три компоненти.

Првата е согласно Законот, не може да се потпишуваат договори со граѓани на станови, кои што не се завршени. Дел од социјалните станови се поделени и за нив се склужени договори за станови, кои што дури сега отпочнуваат да се градат, се на самиот почеток или треба допрва да се градат.

Второ, дека не се задоволени законските обврски и за јавност и возможување на жалбена постапка, пред се во делот на второстепеноста на постапката односно во самиот конкурс не е дадена правна поука за сите оние граѓани кои конкурирале, кои биле одбиени и кои сметаат дека нивните права се повредени и имаат право да покренат една жалбена постапка.

Откако Владата констатираше дека се прекршени законските одредби во делот на распишувањето на конкурсот и поделбата на становите, не и престануваше ништо друго, туку да постапи онака како што со Уставот се налага. А, тоа е да ја заштите законитоста во оваа држава и согласно тоа да го поништи конкурсот.

Факт е дека еден дел, можеби и најголем дел на граѓаните кои го стекнале правото, согласно тој конкурс, навистина, според критериумите и ги заслужуваат да се најдат на листата, кои што добиле социјални станови. Меѓутоа, факт е дека самиот конкурс, одлуката за негово распишување е спротивна на Законот. Ние немаме право согласно Уставот и законите во име на добри намери да го кршиме законот и Уставот, туку имаме обврска да го штитиме Уставо и законите.

Токму од тие причини и таа одлука на Владата беше донесена.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Му благодарам на г. Црвенковски.

Дали сте задоволен од одговорот г. Стојановски.

БЛАЖО СТОЈАНОВСКИ:

Морам да искажам едно чудење од начинот на кој што е спроведена целата постапка затоа што на конечна одлука на Владата на Република Македонија, е на управен орган односно кон што постапува во својство на управен орган т.е. донесува решение за доделување на станови, може да се поништи тоа решение само преку управен спор, кој што се поведува до Врховниот суд на Република Македонија. Зошто Јавниот правобранител не спровел редовна процедура согласно Законот за управни спорови, туку Владата истиот орган кој што го донел првостепеното решение, носи одлука за поништување на конечно решение после изминати сите рокови за жалби итн. Мислам од тој аспект треба да се свати дека законитоста на целата оваа процедура, не се однесува на критериумите на распределба, туку се однесува на самата постапка односно одлуката која што ја донела Владата како ист орган кој што го донел и првостепеното конечно решение. Од овие причини сметам дека Владата треба да ја преиспита сопствената одлука и да овозможи реализација на решенијата кои што се донесени од страна на Владата на Република Македонија.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Господине Црвенковски?

БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:

Зошто Народниот правобранител, кој што е независна институција во однос на извршната власт постапил на овој, а на некој друг нажин, мислам дека не е упатно да се поставуваат прашања до самата Влада односно до извршната власт.

Што се однесува до барањето на пратеникот Владата да ја преиспита претходната одлука која што била донесена на ист начин, на кој што, а во исто време оди со други аргументи дека Владата не можела да ја преиспитува одлуката на претходната Влада и да констатира дали е во согласност со Законот или е во спротивност со Законот. Значи, овој повик од страна на пратеникот, всушност, се коси со аргументацијата, која што во образложението на прашањето ја даваше дека Владата не можела да ја преиспита одлуката на претходната влада за начинот на кој што го распишала конкурсот и ги доделила социјалните станови.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Второто прашање беше поставено до г. Костов, министер за внатрешни работи.

ХАРИ КОСТОВ:

Во однос на барањата за Анкетната комисија, таа Комисија до Министерството, барем колку што јас знам, достави барање за три информации, кои се однесуваат за поднесени кривични пријави во врска со одредени незаконски дејствија со соодветни прилози, информација за состојбата со раселените лица од минатогодишниот конфликт, како и информација за правата на бранителите и состојбата со воено политичките обврзници на МВР.

Тие пред два дена со комплетните пропратни документи се доставени до Анкетната комисија. Колку што јас знам, кај нас во евиденцијата нема заведено барање дека Анкетната комисија побарала и за случајот со киднапираните лица. Меѓутоа, во секој случај би сакал да го кажам следното. Министерството тука не прави разлика околу прашањето. Вкупно се работи за 18 киднапирани лица во текот на 2001 година. Тука, Министерството работи во рамките на тоа што може да го оствари. Меѓутоа, би сакал да укажам дека не се работи за тоа во случаите на тие

киднапирања имаме главни сведоци само во Али Ахмети или во некои други личности, туку напротив, и во ова Собрание има функционери кој во тој период извршуваа функции на министри за внатрешни работи каде што за определени случаи, веројатно, не само што има повеќе информации и докази, туку најверојатно дел од тие активности се правени со определени планови, намери итн. Во овој дел, единствено што можам да кажам дека наша основна и приоритетна цел е да ја дознаеме вистината за тие случаи. Основнот што треба да го знаеме, почетното е прашањето за тоа дали тие се сеуште живи. Почетен чекор кој што ни треба во таа работа е прашањето на давање на крв од роднините, за да се испитаат определени остатоци на тела кои се најдени или за определени гробници и ископувања кои што се вршат, да се споредат, па дури ако е потребно и да се елеминираат сомнвањата, кои што како докази ќе ги имаме од местата каде што се најдени определени остатоци.

Уште еднаш морам да кажам, иако деновиве тоа го кажав дека ние обезбедивме од наужни институции. Стравот кај роднините е дека постои можност за определена, да не кажам злоупотреба, на тие анализи. Меѓутоа, обезбедени се мислења од научни институции кои јасно укажуваат дека такви ДНК анализи не можат да бидат злоупотребени и да не кажам, дури во светот не може да се случи две ДНК да имаат исти анализи. Според тоа, ако сакаме навистина да имаме некои чекори на оваа страна, еве, би повикал на овој начин уште еднаш од страна на роднините, за кои што научно се направени цели стебла од кого се тоа може да се земе, да го прифатат овој апел и роднините на киднапираните македонци и роднините на киднапираните албанци да ни го овозможат овој почетен чекор, за да дојдеме барем до вистината околу животот на тие луѓе. Во оваа активност да кажам дека е вклучен и Меѓународниот комитет за исчезнати лица. Тие од еден и пол месец имаат свои претставници и определена комисија во Република Македонија и такви договори, кои што би требало да се регулира прашањето на давањето на крв понудено им е и на роднините македонци и на роднините албанци. Тука, за да нема мислење дека со тоа нешто се шпекулира, договорени се два вида на анализи. Значи, две анализи на истите примероци, со тоа што едната анализа би се правела во Македонија во Центарот за генетски истражувања при МАНУ и втората анализа би се правела во странство. Според тоа, во овој период она што почетно ни треба е давањето на крв, за да можат да се остварат натамошните активности.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Дали г. Стојановски е задоволен од одговорот.

БЛАЖО СТОЈАНОВСКИ:

Јас би ја поздравил заинтересираноста на Владата за решавање и за затворање на овој случај, меѓутоа, дополнителното прашање би гласало. Дали е извршен распит на г. Али Ахмети, кој што сигурно има информации околу ова прашање. Тоа ми е и конкретното прашање.

Дали можам да добијам одговор на ова прашање.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Костов дали ќе одговорите на дополнителното прашање?

ХАРИ КОСТОВ:

До моментов не е извршен директен распит од Министерството за внатрешни работи, меѓутоа, извршени се разговори со други личности.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Третото прашање е поставено до г. Петар Гошев во врска со хомологацијата на автомобилите.

ПЕТАР ГОШЕВ:

На секторот на увозот на автомобили, постои вистински хаос, произведен во досегашниот период. Според вашите информации минатата година се увезени 38 илјади автомобили и потрошени се околу 100 милиони долари за увоз на автомобили. Се разбира, во минатиот Парламент се носеше одлука за зголемување на годината на старост на увоз од 10 години. Колегите од тој период знаат дека јас бев против таква одлука. А, сега кога ги гледам билансите финансиски, констатирам дека таа станала, после енергијата, највисока стапка во создавањето на трговскиот дефицит во износ од 800 милиони долари. Но, не е само тој проблем, туку проблемот е што од тие 38 илјади и не знам, според информација на Царинарницата, Царинската управа, веројатно, околу 20 илјади тоа се возила од втора или трета рака.

За проблемот да биде поголем Царинарницата со инспекцијата констатира дека таму има големи злоупотреби но така ниските вредности

запишувани се произволно и покрај јасните прописи уште పониски цени за царинење на тие производи и се направени за тие увозни возила и направени се дополнителни штети финансиски за државата по тој основ.

Од Царинарницата имаме информации дека се работи за 500 возила кои што се проблематични од аспект на хомологацијата, меѓутоа, можеби и се 700, незнам, бидејќи Царинарницата во тек ги утврдува, односно ги испитува проблемите од овој вид. Меѓутоа, почитуваниот пратеник да го информирам дека овластена организација за издавање на потврди за хомологација е Машинскиот факултет и сега тоа е така. Ако тие луѓе што увезле такви возила за кои што не е издадена потврда, или мислат дека се оштетени, или дека овластената организација погрешила имаат право да се жалат до второстепен орган и второстепен орган да ги разгледа тие жалби, тие предмети и да се утврди фактичката состојба. Тоа би можел во врска со ова прашање да го кажам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам, дали сте задоволен од одговорот? (Не)

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Не е спорно овластувањето на Машинскиот факултет. Тука нема никакви дилеми. Спорно е зошто два пати се вади хомологација, кога овластена институција која што е призната во Европската Унија во Минхен дава сертификат за хомологација и истиот потоа уште еднаш се бара од Машинскиот факултет.

Исто така, не се работи за износот на царината. Се работи за условите кои треба да ги исполнува возилото во однос на староста, за да може да биде царинето.

На пример, ако едно возило било во салон за продажба три години, а било произведено над 10 години, тоа возило сега не може да се царини во Република Македонија, а има граѓани на Република Македонија кои што имаат веќе потрошено значителни средства за оваа намена и тие се наоѓаат во една заблуда во однос на начинот на утврдување на староста на возилото.

Јас би сакал тука Царината да ми даде поконкретен одговор, бидеќи сигурно министерот не може усно да даде одговор на оваа седница.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Гошев, дали ќе одговорите на дополнителното прашање?

ПЕТАР ГОШЕВ:

Овие податоци што ги дадов ве уверувам почитуван пратеник дека се точни и дека се координирани со Царинарницата, бидејќи соработуваме со Царинарницата како што треба.

Исто така, да ве потсетам дека секоја држава си има свои институции, свои органи на кои што им е дадено правото да проверуваат, така што и Македонија има право тоа да го прави и треба да го прави, а не врз основа на издадени потврди од страна. Бидејќи нашите производи исто така ги проверуваат дебело, кога влегуваат во други држави со соодветни органи од тие држави, се разбира, органи што им припаѓаат на тие држави.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

За збор се јави господинот Муминовиќ Рафет.

РАФЕТ МУМИНОВИЌ:

Почитувани, бидејќи нема претставник од Министерството за земјоделие, би молем во писмена форма да ми се одговори како прво, како е можно во селата Житоше, Лажани, Десово, Јакреново, Болино, лоцирани во Прилепско - Крушевскиот регион нема откупна станица за тутун и зошто се чека откупот да се врши во периодот јануари - февруари, наместо во декември, ако знаеме дека нашиот земјоделец нема индивидуални складови за чување тутун во зимски и влажни услови.

Второ прашање најверојатно е до Владата, а премиерот ќе оцени кој и како би требало да ми одговори.

Ние сите знаеме дека приградската населба на само 8 километри од Скопје, селото Батинци веќе со години не може да го реши најгорчливиот проблем, тоа е водата.

Во име на жителите на Батинци и Љубош би сакал ако може да ми се одговори дали оваа Влада има намера да помогне да се вклучи за решавање на тој проблем.

Трето, не е прашање, туку молба до премиерот и господата министри да имаат малку едно поголемо разбирање за нас пратениците, а посебно ние кои што сме лидери на партии, бидејќи сме должни пред нашето членство и нашите симпатизери на секое нивно прашање да одговориме.

Јас потполно ги разбирам министрите за нивниот ангажман и тврдам одговорно дека лично сум се уверил дека луѓето работат од 12 до 15 часови, но покрај сето тоа да најдат малку време за решавање на заедничките проблеми.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

На првото прашање ќе дадете писмен одговор од Владата? (Да)

Второто прашање е упатено до Владата во целина.

Кој ќе даде одговор?

Одговор ќе даде господинот Црвенковски.

БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:

Имајќи предвид дека се работи за водоснабдување, тоа значи дека пред с# можеби Министерството за земјоделие и водостопанство кое што, како што знаете не е застепено на оваа седница поради службено отсуство на министерот за земјоделие, ќе биде одговорено во писмена форма, меѓутоа, сосема накратко во една реченица на директното прашање дали оваа Влада има намера да се ангажира околу водоснабдувањето во село Батинци и Љубош, да, и имаме намера тоа да го направиме заедно и колординирано со градските власти, бидејќи тука имаме едно преплетување на ингеренциите и на локалната самоуправа, односно градот Скопје, општината Студеничани и се разбира и владините институции.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали останувате на второто прашање да имате писмен одговор, или сте задоволни од одговорот?

РАФЕТ МУМИНОВИЌ:

Јас сум задоволен од одговорот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

На ред е за поставување на прашање господинот Даневски. (Не е тука)

На ред е господинот Трајановски Коце.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Јас би сакал да поставам неколку прашања.

Првото прашање се однесува за раселените лица. Значи, за време на војната ....

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Само посочете на кого го поставувате прашањето.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Прашањето го поставувам до Владата на Република Македонија, т.е. до премиерот. Значи, за време на војната 2001 година останаа голем број раселени лица во Тетовско, Скопско и Кумановско. Јас сум малку повеќе запознат со состојбата на раселените лица од село Арачиново, но мислам дека и во другите кризни региони состојбата е слична, значи би поставил конкретно прашање кога Владата планира да ја подобри, т.е. нормализира безбедносната состојба во кризните региони како еден од главните предуслови за нивно враќање, бидејќи имаме сознание дека и понатаму продолжуваат малтретирањата на македонците и на другото неалбанско население кога преку ден навраќаат да ги видат своите куќи и имоти.

Исто така, и понатаму продолжуваат грабежите, палењата на куќите на раселените лица. Сето ова се случува кога во одредени кризни региони има полициски станици во кои што скоро повеќе од 90% од припадниците на полицијата се од албанската националност, што значи дека недовербата на раселените лица станува уште поголема.

Како подпрашање од ова има ли Владата план и кога планира да ги поправи или да го организира поправањето на разузнатите имоти на раселените лица, како втор предуслов за нивно враќање и побезбедносно живеење.

Исто така, кога Владата планира да ги подобри условите за живеење на овие раселени лица во прифатните домови, каде што се сместени, бидејќи познато е дека тие услови се катастрофални. Постојат случаи многу каде што цели фамилии живеат во една соба, најчесто три на три метри, при што можеби некогаш и четири генерации живеат во таа соба, со едно купатило на еден кат за пвоеќе од 10 фамилии и учениците немаат каде да учат, значи немаат заедничка соба.

И последното потпрашање во врска со раселените лица има решение од Министерството за транспорт и врски со кое на општината Гази Баба и се доделуваат 25 милиони денари за изградба на инфраструктура во делот на Хиподром, кои што според урбанистичкиот план е предвиден за станбени објекти,

така да тука општината не планирала изградба на времени објекти, во кои времено би се сместиле раселените од Арачиново и тука би останале се додека не се создадат услови за нивно нормално живеење во Арачиново. Тоа е првото прашање.

Второто прашање се однесува на Министерството за земјоделие, шумарство и водостопанство, мислам дека пошироко може да биде опфатена и Владата. Значи, со атмосферските врнежи оваа есен и последните денови има многу поплави во голем дел од државата. Мене како пратеник од Гази Баба, Илинден и Петровец од Изборната единица број 2 ме интересира за поплавите кои ги зафатија општините Илинден, Гази Баба и Петровец и населените места Вардариште, Маџари, Инџиково, Хиподром, Трубарево, Скопско поле, Јурумлери, Колонија Идризово, сите од Гази Баба, Илинден, Мралино, Малино и Петровец, Р'жаничино и Огњанци од општина Петровец. Состојбата е алармантна, голем дел од населбите од селата се целосно под вода. При ова, куќите пливаат под вода, немаат пристап до нив, а оние кои немаат катни куќи, нема ни каде да живеат. Во најголем дел од нив нема водоводна мрежа, така д водата ја пијат од плитките пумпи, или од јавни чешми. Во ниту едно место нема одводна канализација, така да септичките јами многу често се излеваат на површината, поради што, може да настане загрозување на здравјето на луѓето и животните. Општините немаат пари од својот буџет да го решат овој проблем, затоа, прашањето е дали се планира да се воведе вонредна состојба во овие населени места со цел да се реши под итно проблемот, бидејќи како што гледаме дека врнежите и понатаму траат, значи не престануваат, се влошува од ден на ден состојбата, да се активираат кризните штабови и исто така е прашањето дали Министерството за земјодеие, шумарство и водостопанство планира континуирано во следната година обезбедува средства за чистење на одводните канали, како еден од главните предуслови за надминување на оваа состојба.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Првото прашање во врска со бегалците и нивните услови беше упатено до премиерот.

БРАНКО ЦРНВЕКОВСКИ:

Имајќи предвид дека прашањето беше компексно, како што и самиот пратеник дефинирајќи ги потпрашањата се обраќаше на различни институции во Владата, да речам околу безбедноста, Министерството за внатрешни работи пред

се, Министерството за одбрана, Министерството за труд и социјална политика околу условите во кои што живеат, кон координативното тело на Владата што е формирано за да се следат сите проблеми поврзани со животот и функционирањето на раселените лица, па дури и кон Министерството за транспорт и врски, Владата на ова прашање ќе подготви една писмена информација и која покомплексно ќе ја достави до пратеникот.

Што се однесува до второто прашање, имајќи предвид дека е упатено до Министерството за земјоделие, шумарство и водостопанство, како и во претходните случаи, исто така Владата писмено ќе одговори.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

За збор се јави госпоѓата Лепиткова Соња.

СОЊА ЛЕПИТКОВА:

Јас имам три пратенички прашања и сите три се однесуваат до министерот за економија при Владата на Република Македонија, господинот Илија Филиповски.

На првото прашање би сакала министерот усно да ми одговори, бидејќи јас како пратеник во Собранието на Република Македонија доаѓам од местото професор на Рударско геолошкиот факултет во Штип. Би сакала министерот усно да ми одговори дали се точни информациите во медиумите дека Рударско геолошкиот факултет во Штип е задолжен од Владата на Република Македонија да изготви согледување на потенцијалите на олово и цинк на рудниците Злетово, Саса и Тораница, имајќи предвид дека Рударско - геолошкиот факултет е единствена образовна научна институција во државата која што ја задира таа област и јас навистина би била среќна доколку Владата ја има донесено таа одлука и верувам дека луѓето на факултетот квалитетно и добро тоа ќе го направат.

Второто прашање доколку би можело во писмена форма да добијам информација за стратегијата на Министерството за економија во однос на решавањето на проблемите на вработените во рудниците за олово и цинк Злетово, Сада и Тораница. Значи, сосема кратко дали би можела да ја добијам таа стратегија и дали Министерството ја има подготвено, или е во фаза на подготовка.

Третото прашање исто така се однесува до Министерот за економија да добијам информација за бројот на поделените концесии и бројот на ефектуирани концесии и информација за приходите кои се остваруваат и се обезбедуваат по

однос на искористување на минералните ресурси, се во функција на тоа, бидејќи во Република Македонија речиси нема слободни концесии во сферата на минералните ресурси, а сосема малку од тие концесии се ефектуирани. Доколку би се позанимавале со ова прашање, јас верувам дека приходите понатаму кои што ќе се слеваат во буџетот од таа сфера, односно од екслоатација на минерални ресурси, би биле далеку поголеми. Затоа треба Владата, односно Министерството за економија да изготви исто така една стратегија и јас би сакала да ја добијам таа информација доколку може во писмена форма. Инаку, би можело и усно.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Ќе одговори господинот Илија Филиповски, министер за економија.

ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:

Во врска со првото прашање точно е тоа дека се порачани елаборати да се изработат за трите рудника за Злетово, за Саса и за Тораница, за рудните богатства. Со оглед на тоа дека проценка е дека претходно, претходното раководство има давано погрешни податоци на странските консултанти околу рудното богатство и тие ќе бидат готови се надевам најдоцна до 10 февруари, со тоа што ќе распишеме тендер за да бидат тие верификувани од меѓународна организација за да можеме при продажба на рудниците точно да знаеме што е тоа што продаваме и што е тоа што идниот купувач би можел да купува.

Во поглед на стратегијата на проблемите во рудниците за олово и цинк.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Јас ќе ве молам за секое прашање пооделно.

Госпоѓа Лепиткова првото прашање го добивте.

Дали сте задоволни? (Задоволна сум)

ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:

Во врска со второто прашање, рудниците Злетово, Саса и Тораница се во рамките на Фесел аранжманот, значи до крајот на годината потребно е да се продадат, да се најде соодветно решение. Во таа функција беше првото прашање на кое јас одговорив, би рекол дека во соработка со раководството на рудниците, практично се работи на стратегијата како се очистат од преголемите долгови што ги имаат. Рудникот “Саса” има некаде околу 28 милиони евра долгови, рудникот

“Злетово” околу 22 милиони евра долгови. Значи, тоа е основниот проблем како и превработеност во двата рудници. Денеска, со ваква задолженост и со толкав број на работници тешко можат економски да работат. Стратегијата е да можат да се создадат услови да ги продадеме на меѓународен тендер.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Госпоѓа Лепиткова, дали сте задоволни?

СОЊА ЛЕПИТКОВА:

Моето второ прашање беше во однос на стратегијата на Министерството за економија во однос на решавање на проблемите, се мисли на тоа, јас сето тоа го знам и од стручна гледна точка ја знам состојбата во рудниците можеби многу повеќе од тоа што треба. Доволно знам дека тие треба да одат во стечај и тоа на неколку пати сум го кажувала. Не спорам околу тоа, околу таа стратегија дека тоа е решение за проблемите на рудниците. Во разговор со рударите тоа го имам кажано. Тоа го согледуваат и тие и го прифаќаат.

Само сакав да прашам што е со стратегијата на решавањето на проблемите околу исплата на личните доходи, затоа што верувајте дека во тие работни организации, односно во општина Пробиштип состојбата во стопанството е навистина алармантна. Луѓето веќе пет месеци немаат плата. Што ќе се случи до таа фаза на решавање на таа состојба, дали Владата има стратегија околу финансирањето и како тие луѓе ќе ги земаат тие парични средства до тој период.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам на дополнителното прашање.

Госсподине Филиповски, повелете .

ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:

Што се однесува до стратегијата за исплата, тоа е во склопот на стратегијата за продажба на рудниците, значи отворањето на стечај и исплата согласно на законските прописи.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Можете да продолжите со третото прашање господине Филиповски.

ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:

Што се однесува до третото прашање на поделените и искористените концесии, таква информација ќе подготвиме и ќе доставиме до Владата. Истовремено сакам да ја информирам пратеничката Лепиткова дека таа информација е веќе доставена до Владата и второ, се работи на изработка на втора одлука за цената на концесиите и тоа се врши истражување и споредба со другите земји во околината. Мислам дека согласно со Програмата на Владата со таков предлог ќе излеземе до крајот на февруари.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Госпоѓо Лепиткова дали сте задоволни од одговорот?

СОЊА ЛЕПИТКОВА:

Да, сум задоволна со обемот на одговорот на ова прашање. Ја поздрсвувам таквата одлука на Владата да изготви нови согледувања, бидејќи и јас лично сметам дека тоа ќе биде во функција за обезбедување на средства, односно ефектуирање на сите тие концесии што не се ставени во функција.

Благорарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Данвски.

До сега имаме 16 пратеници со 34 прашања. После поставените прашања на господинот Даневски и дадените одговори ќе дадеме пауза за ручек а ќе продолжиме во 15,00 часот.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Господине претседателе, почитувани министри и пратеници,

Моето пратеничко прашање се однесува до Владата на Република Македонија, поточно до Министерството за земјоделство, водостопанство и шумарство.

Како мисли Владата и министерот да го решат прашањето во земјоделието во делот на изедначување на правата и обврските на трговските друштва во мешовита сопственост, како оние што се во државна и индивидуална сопственост?

Земјоделците да се изедначат со тоа што значи индивидуално земјоделие мешовито или државно, што значи да станат исти пред правата и обврските во делот

на премиите, регресите и штетите. Знаеме дека членот 9 гласси дека сите во оваа држава се еднакви пред Уставот и законите.

Бидејќи не е присутен министерот за земјоделие, барам одговорот да биде даден во писмена форма.

Второто мое прашање се однесува до Министерството за труд и социјална политика.

Задолжен сум од околу 1000 корисници на социјална помош од општина Свети Николе, заради тоа што настана некој вакум простор, им се укина правото на користење социјална помош на дел на граѓани затоа што, по укажувањето од Министерството за труд и социјална политика настана едно недоразбирање со тоа што се бараше обрасците семејно и материјално, а знаеме дека се изготвуваат кон крајот на јануари, се избрза со оваа одлука и се создаде еден вакум простор, со што се создаде незадоволство кај корисниците на социјалната помош.

Во укажувањето од Министерството за труд и социјална политика, со новите укажувања, ова сигурно ќе го поткрепи министерот за труд и социјална политика, сега се бараат потврди од Заводот за вработување, се бара сememјно-материјално што Министерството за економија односно Министерството за финансии треба да го изврши и се бара белешка дали се корисници на тарифно броило. Укажувањето на овие околу 1000 корисници на оваа социјална помош е тоа дека додатно се оптоваруваат луѓето со тоа што во една фамилија има повеќе фамилии кои користат едно броило. Укажувањата од ЕСМ дека секој треба да го пренесе правото на нотар значи додатно оптоварување на овие корисници на социјална помош.

Моето укажуање и барање до ресорното Министерство е да реагира во овој период да не се исклучуваат оние кои ги немаат подмирено сметките во ЕСМ, затоа што е зимски период, да се најде едно благо премостување додека не се уреди оваа материја. Овие околу 1000 корисници на социјална помош најавуваат дека ќе направат револт, нема да ги пуштат децата. Ова е мое задолжение од мојата изборна единица до министерот за труд и социјална политика.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Одговорот на првото прашање ќе го добиете во писмена форма од Министерството за земјоделие, шумарство и водостопанство.

За второто прашање збор му давам на министерот Јован Манасиевски, кој веќе даде одговор на дел од ова прашање.

ЈОВАН МАНАСИЕВСКИ:

Јас веќе одговорив, но не се на одмет и дополнителни објаснувања.

Еден од критериумите, како што објаснив, не е платена сметка за електрична енергија, туку само сметка врз основа на која ќе се изврши увид дали семејството поседува електрично броило. Така што ова Министерство нема врска со плаќање или неплаќање сметки за електрична енергија. А, како што појаснив тој критериум ќе биде толкуван и земен во предвид врз основа на конкретниот увид. Според информациите што ги имаме досега за општината Свети Николе, точно е дека има 890 корисници семејства, меѓутоа најголем дел од нив веќе извршиле пререгистрација и утврдено е дека нема никакви проблеми со нив. А, со оние кои немаат комплетна документација, како што реков, со конкретен увид на лице место на самиот терен ќе бидат земени предвид сите олеснителни околности. Министерството за труд и социјална политика и социјалните центри работат, како што реков, и целиот овој процес ќе го изведуваат исклучително внимателно, имајќи ги предвид и укажувањата што ги посочи пратеникот за овој зимски период.

Инаку, целата операција всушност ќе заврши некаде во втората половина на февруари и новите услови всушност ќе важат некаде од месец мај.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали господинот Даневски е задоволен од одговорот? (Задоволен е).

Благодарам.

Предлагам да направиме пауза до 15,00 часот, па ќе продожиме по утврдениот редослед.

(По паузата седницата продолжи во 15,15 часот).

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Ве молам да продолжиме со работа.

Пред да продолжиме да ве информирам дека господинот Црвенковски ме извести дека има некоја обврска која нема да трае до крајот на пратеничките прашања, додека да заврши, повторно ќе се врати. Во меѓувреме господинот

Гошев,заменик премиер ќе одговара на прашањата поставени до Владата во целина и до премиерот

А едновремено сакам да се извинам во име на Собранието на новинарите кои ја следеа седницата претпладеново кои горе на галеријата не можеа преводот од албански да го слушаат заради фактот дека таму има мобилни апарати за превод кои и од технички причини батериите не биле наполнети, и заради тоа не работеле сите апарати за превод. Грешката е на Собранието од технички карактер и им се извинувам на новинарите кои ги имаа тие проблеми претпладеното.

Продолжуваме со прашања.

Господинот Коста Прешовски ќе постави прашања.

Повелете.

КОСТА ПРЕШОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувни претставници на Владата, колеги пратеници,

Јас имам две прашања.

Едното е до министерот за земјоделие, шумарство и водостопанство, а бидејќи е отсутен барам писмен одговор, а прашањето гласи:

Што конкретно, односно соодветното Министерство може да преземе за зачувување и унапредување на производството на кромид во реонот на крушевското село Бучен, со оглед на исклучително поволните природни услови што за оваа земјоделска култура постојат во овој крај.

Прашањето особено се однесува на можностите за решавање на долгогодишните проблеми со пласманот, односно откупот на овој прехрамбен земјоделски производ и создавање на услови за изградба на соодветен конзервно-преработувачки капацитет во тој реон.

Второто прашање го поставувам до министерот за култура, а делумно и до министерот, ако е тука за надворешни работи. Прашањето гласи:

Кои можности се на располагање во една регуларна, но интензивна дипломатска постапка на Република Македонија со Република Турција по повод и во чест на 100-годишнината од Илинденското Востание и Крушевската Република во преостанативе 6 или 7 месеци, да се изврши реституција односно враќање на оригиналниот примерок на цресовото топче и оригиналното знаме на Крушевската Република од 1903 година што како експонат денеска се наоѓаат во Музејот во

Истанбул. Би сакал да ги образложам причините поради кои го упатувам ова прашање.

Црешовото топче што за време на десетдневната Крушевска Република во 1903 година во станиците го изработија најпрво како прототип, а веднаш потоа и во неколку примероци, со цел со сета сериозност да го употребат во борбата за одбрана на ослободеното Крушево, објективно немаше надежни шанси како артилериско орудие да одговори на, за тоа време, модерните топови со кои располагаше турскиот аскер.Но, наспроти ова непобитен е фактот дека силата на тоа црешово топче е во опредметувањето на решеноста на востаниците и по цена на сопствените животи, низ херојска саможртва да ја бранат слободата.

Токму заради ова црешовото топче е легендарен симбол на македонскиот непокор, симбол на националното - ослободителната борба и борба за државност. Црешовото топче што денеска се наоѓа во Музејот во Крушево е направено по востанието, по сеќавање на преживеаните востаници, мајстори - реконструктори. Единствениот зачуван оригинален примерок на вистинското црешово топче денеска се наоѓа во Музејот во Истанбул. За тоа сведочат Патописите на нашиот истакнат публицист, книжевник и учесник во Илинденското Востание Никола Киров - Мајски кој на своето родно Крушево му посвети десет тома од своето богато творештво. Постоењето на оригиналното црешево топче во Истанбул го потврдува и господинот Ванчо Стојчев, професор на Воената академија во Скопје. Од Истанбул донесе и фотографија од топчето.

Мајски во своите записи, исто така потврдува дека во Музејот во Истанбул, покрај црешовото топче се наоѓа и оригиналното знаме на Крушевската чета, што тој го има и опишано.

Денеска кога со Република Турција имаме пријателски односи и воспоставена успешна соработка, не само на економско и трговско, туку и на културно поле, во време кога ја одбележуваме 100-годишнината од нашата државност, сметам дека е реално овие два музејски експонати да се вратат на извориштето на илинденската епопеја и да си го заземат местото како исклучително вредно и материјално сведоштво за нашата историја и култура.

Очекувам ова прашање, воедно и заложба, да предизвика голем интерес и да наиде на неподелена поддршка од страна на сите релевантни субјекти во земјава. Заради ова сметам дека реституцијата односно враќањето на оригиналните примероци на црешовото топче и знамето на Крушевската чета е многу важна задача на надлежните институции во Владата на Република Македонија. Со оглед на

релативно кртаткиот период, 6-7 месеци, покрај големата важност ова прашање има и ургентна актуелност. Очекувам Владата кон него да пристапи со сета своја сериозност.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Му благодарам на господинот Коста Прешовски.

Господине Гошев дали ќе одговорите писмено на првото прашање што беше поставено од областа на земјоделието? (Да)

Благодарам.

Одговор на второто прашање ќе даде господинот министер за култура.

Повелете господине Стефановски.

БЛАГОЈ СТЕФАНОВСКИ:

Бидејќи на оваа тема разговарав и со некои министри за култура на соседните земји, каде што, со конвенцијата што е во фаза на подготовка на УНЕСКО за враќање на предмети или оние кои се илегално изнесени или украдени, а потекнуваат од земјата што денес не е во рамките, на пример, на таа држава, конкретно за тој предмет во фазата на Османлиската држава, црешовото топче јас лично го имам видено во Истанбулскиот музеј. Сметам дека до донесувасњето, бидејќи се работи за една суптилна тема, на оваа конвенција, што по кратенка се вика УНИТРОИД, значи УНЕСКО предлага тоа да го решаваме по пат на билатерала, конкретно со земјата, во овој случај една пријателска земја Турција. Со неа имаме и некои други фази на договарање и среќна околност е што имаме пријатели од таа земја, амбасадорот кој директно кај мене се залагаше и за нивни некакви, посебно за куќата на Тарик Шара за што ние треба да одговориме на тој предмет.

Ова ќе го ставиме во фаза на тие билатерални преговори и сметам дека со овие добри односи што заедно ги поставивме, можеби ќе имаме среќа да го договориме и тоа црешово топче да стигне. Овој пат јас само можам да погодувам и знам дека тоа е околу знамето, не сум го видел, но се надевам, во мај сум повикан од градоначалникот на Истанбул, министерот за култура, да го поставиме тоа до амбасадорот и да тргне во разрешување. Такви предмети повеќето се во други земји. Ги има во Софија, ги има во Белград. Јас тоа го поставив на министерскиот форум во Гана, каде беа министрите на земјите и тоа е суптилно прашање во кое

што додека не се донесе таа конвенциј што е во фаза на подготовка на УНЕСКО ќе го решаваме со билатерала или конкретно со земјата за која што се однесува. Сигурно ќе го поставиме и ќе му дадеме такво значење што прилега на 100-годишнината.  Се надеваме на позитивен одговор.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам на господинот Стефановски.

Господине Прешовски, дали сте задоволен од одговорот.

КОСТА ПРЕШОВСКИ:

Благодарам на одговорот, задоволен сум. Навистина еден ваков оптимистички одговор влева надеж дека ќе ги вратиме тие два експонати.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Наредниот пратеник што ќе постави прашање е господинот Манев Ефтим.

ЕФТИМ МАНЕВ:

Првото прашање ќе го поставам до министерот за внатрешни работи Хари Костов, сакам да појасни повеќе за некои работи во однос на неговото постпување и однесување со дејствијата што се одвиваат во Македонија по однос на нападот на животот и телото и имовината на граѓанинот на Република Македонија каде што неговото размислување и давање првични оценки пред новинарите дека извршители на тие дела се претежно групи криминалци, налудничави луѓе, како што тоа го кажа за настанот во Куманово пред училиштетот, што сметам дека нема една воедначеност во размислувањата со останатите одговорни луѓе во државата. Сметам во Куманово тогаш се изјасни и министерот за одбрана господинот Бучковски, како и претседателот на државата дека се работи за терористички акт, додека тој се изрази дека тоа дело е направено од некој налудничав човек што сметам не одговара пред македонската јавност така да се каже уште на почетокот.

Доколку се работи за налудничав човек, правилно преведено, правно тоа би станало збор за некој човек кој што е деловно неспособен, ја изгубил деловната способност и фрлил бомба кашикара, што сметам дека лошо делува пред се пред

граѓаните на Република Македонија и претпоставува дека таквите акти не претставуваат опасност по нашата држава.

Исто така и за настанот во гостиварско каде што загинаа четири лица. И таму уште на почетокот кажа дека се работи за некоја криминална група. Сакам да појасни дали е тоа негово мислење, негово размислување или таков е неговиот став, тоа се негово видувања кои се разликуваат од другите министри и луѓе кои се одговорни во Република Македонија.

Другото прашање опфаќа две-три министерства, бидејќи не е тука премиерот, доколку е во состојба заменикот премиер Петар Гошев да одговори.

Тоа се однесува за една состојба во Република Македонија која е присутна подолго време. Ние имаме закон за агроберза, поточно берза за прехрана која што сеуште не е отворена а сметам дека е од витално значење за нашето стопанство особено за аграрното производство Имаше проекти и заклучоци, па дури и одлуки на Собранието за изградба на аеродром во Струмица за пренос на стоки, земјоделски производи. Овие две работи се од витално значење за стопанството на Република Македонија па доколку е во состојба господинот Петар Гошев да даде некои видувања до кога тоа би се направило. До колку не може, може да ми се одговори и писмено, бидејќи се опфатени и Министерството за земјоделие и Министерството за економија а најверојатно и Министерството за транспорт и врски.

Третото прашање е во врска со селото Подареж, општина Подареж, на планината некаде 60-тите години е отворено и работел рудник за ураниум. Тогаш е утврдено дека има некаква квалитетна руда и тој рудник е конзервиран уште тогаш. Поминати се повеќе од 40 години и голем дел од населението се сомневаат по однос на појава на болеста карцином на тоа подрачје. Дека има зрачење, веројатно е нарушена и конзервацијата па барам најверојатно од Министерството за екологија, или некој друг ресор за наредна седница да подготват извештај со одење на лице место и испитување на делот каде што е рудникот дали истиот зрачи или не зрачи.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Третото прашање претпоставувам дека го упатувате до Владата во целина.

Првото прашање господине Костов беше упатено до вас.

ХАРИ КОСТОВ:

Пред прашањето за Куманово имаше и некое потпрашање од аспект на последните напади во врска со напади и случувања на убиства. На тоа мислам дека

одговорив на претходното прашање и рековме дека писмено ќе доставиме комплетна документација и информација за сите други случаи кои беа решени во овие три месеци, како и во претходните три месеци.

Второ, околу настанот во Куманово.

Можеби ќе се согласам со пратеникот околу класификациите на некои настани меѓутоа мислам дека не е најбитно тоа дали некој настан ќе го крстиме урбан тероризам, дали ќе го крстиме тероризам, дали ќе го крстиме напад на некој налудничав човек кој не се грижи за негативните последици кои од тоа можат да произлезат. Кога има тероризам и урбан тероризам обично некоја институција, некој организатор, некоја параструктура се јавува со соопштение дека ја превзема одговорноста околу овој настан. Во овој случај никој ниту како поединец, ниту како параструктура досега ниту се појавил, ниту преземал одговорност, ниту пак кажал заради кои причини тоа го прави и какви цели сака да оствари. Според тоа, еве да го крстиме и урбан тероризам, но факт е дека само среќата спаси поголеми трагедии во настанот во Куманово. Да се случеше само неколку минути порано или подоцна можеа да настрадаат огромен број на ученици што беа присутни во школото. Според тоа иако дефиницијата не е најбитна, иако е значајна, мислам дека не е најсуштествеа, побитно е што околу тоа се работи.

Јас веќе споменав и пред Собранието сакам да кажам дека ние сме верувам доста блиску стеснети до еден круг на осомничени лица, за кои што можеме да имаме основано сомневање дека го предизвикале тој настан. Кога е имаме комплетни докази ќе излеземе дополнително и пред јавноста и пред Собранието.

Второ, околу случајот во гостиварско односно во селото Добридол каде што имаше четири лица загинатги од кои три странски државјанки и еден македонски државјанин албанец.

Ние стоиме на нашата констатација дека се работи за чисто судир на криминални банди. Доколку прочитавте низ медиумите што беше деновиве прикажано се работи за недозволена трговија со луѓе и се работи за вооружени престрелки и убиства кои произлегуваат од тие вооружени престрелки. Се работи за лица од Тетово кои отишле во селото Добридол за да обезбедат танчерки за своите локали во Тетово. Кога во тоа не успеале дошло прво до пукање во самата кафана, а подоцна и како реакција со автоматски пушки е пукано на колата која се оддалечувала и во која што биле внесени странските државјанки и дел од групата од Тетово која што го извршила нападот.

Според тоа, за нас тоа е чисто криминален настан во кој што беше вклучена трговија со луѓе. Како резултат на тоа  и како интерес на некои такви групи фактички четири жртви настанаа.

Од аспект на полицијата за нас работата е завршена, докажана. Имаме обезбедно 66 чаури од автоматски пушки кои се испукани на лице место и чаурите се  обезбедени. Обезбедени се дополнително седум-осум куршуми од пукањето од пиштоли. Обезбедени се парафинските ракавици и докажано е кој го извршил пукањето. Обезбеден е балистички извештај, докажано е од каде е пукано и со што е пукано. Меѓутоа, и во овој случај уште еднаш треба повторно да ги расчистиме сите надлежности кои  чиви се. Од аспект на полицијата работата е докажана и завршена. Поднесена е кривична пријава преку обвинителството, поднесени се две, една за убиството и сите сме свесни дека истражниот судија фактички го одби притворот за лицата за кои беа поднесени кривични пријави. Наредниот ден е поднесена кривична пријава за трговија за луѓе. И по тој дел кривичната пријава е прифатена. Има двајца учесници во тој дел и им е изречена кзна притвор, а наредниот ден е проширена во делот на тетовската група, така да кажам за кои исто така истражниот судија ја прифати мерката притвор од 30 дена.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господин Манев дали сте задоволни од овој одговор.

ЕФТИМ МАНЕВ:

Го сфаќам размислувањето на министерот кој што делумно го прифаа моето укажување, а делумно се задржува на тоа што истиот постапил така дека може и така. Сепак ние не можеме да го расчистиме овде случајот и јас сметам дека Министерството за внатрешни работи за непознати сторители не требе однапред да дава квалификација за каков извршител се работи се додека не го откријат. Таму има разни дела, вакво дело, онакво дело, убиства и неможе да одреди дека се работи за банди или било што, а не е спорно што може да се утврди дали е тероризам или нешто друго.

Сепак од почетокот се оди многу тешко. Моето размислување е, јас имам богато искуство  во кривичното законодавство и неможе додека не се открие извршител да се каже дека е банда или било што. Сепак Западна Македонија за нас

е малку поинаква. Ние неможеме да избегнеме дека таму може да се појават и се појавуваат терористики групи и банди.

Во иднина сметам дека не смее Министерството, не само министерот, туку и по подрачните министерства да постапува така.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали на ова господин Костов имате коментар.

ХАРИ КОСТОВ:

За вториот случај ние не зборуваме напамет. Зборуваме точно за откриени лица, докажани со сите полициски методи и од аспект на парафинската ракавица и од аспект на балистиката. Зборуваме за конкретни извршители кое што е докажано и за конкретни дела по кој основ на Кривичниот законик се поднесени кривични пријави за точно утврдени кривични дела.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господин Гошев на второто прашање ќе одговорите или писмен одговор ќе доставите.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Мене ми е позната историјата на македонската агро берза. Тој проект многу одамна е планиран, многу одамна го утврдивме и не е извршен, меѓутоа сепак предлагам одговорот да пристигне преку Министерството за земјоделие.

Во врска со изградбата на аеродром во Струмица, тоа беше проект на друга партија и даде ветувања што не беа реализирани, но не велам дека не треба во иднина да се прави. Меѓутоа можам да кажам во овој момент дека во 2003 година директни инвестиции од Буџетот за тоа не може да има. Зошто не може да има следат одговори ако има прашања зошто не може да има, или кога ќе дискутираме за капиталната ставка на Буџетот, кога ќе го поднесеме Предлогот на буџетот за 2003 година.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господин Манев на првиот дел од прашањето ќе добиете одговор по писмен пат.

ЕФТИМ МАНЕВ:

Прифаќам првиот дел на прашањето да биде во писмена форма.

По однос на вториот дел дали сегашната Влада размислува, бидејќи сите знаеме дека Република Македонија од Буџетот не може да издвои такви средства, дали има некои размислувања тоа да го прави некој надворешно заинтересиран, бидејќи јас сметам дека е од интерес на Република Макеоднија ако се изгради таков објект. Тој што ќе изгради таков објект ќе води сметка и да извезува и да увезуваме ние производи кои што се од битно значење за нашата држава по итен прат преку авиопревоз.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Второто апсолутно не е исклучено, можно е.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Третото прашање е повторно до Владата и има мултиресорски карактер, во врска со ископувањата на ураниумот и дали ќе подготвите одговор во врска со тоа или ќе одговорите сега.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Писмено ќе одговориме.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор госпоѓата Благородна Мингова-Крепиева.

БЛАГОРОДНА МИНГОВА-КРЕПИЕВА:

Моето прво прашање е упатено до министерот за економија.

Иако во два наврати на денешната седница говореше за начинот на кој Министерството за економија смета да ги решава преостанатите фирми загубари сепак се определив дополнително да го прашам до каде е разврската околу продажбата на НИП Нова Македонија, кога очекува состојбите околу сопственоста на НИП да завршат и што ќе се случува понатаму со оглед дека оваа компанија е

меѓу 24-те загубари кои треба да се решат до крајот на годината тргнуваји од фактот дека втората транша од ФЕСАЛ аранжманот не условува до крајот на 2003 година да ги решиме проблемите на овие загубари.

Второто прашање ми е упатено до гувернерот на Народна банка.

Тргнувајќи од она што во последно време имавме можност да чуеме или да прочитаме во медиумите, јас би сакала да добијам автентичен одговор од господинот гувернер на Народна банка дали во Македонска банка е реализирана одлуката на Уставниот суд за враќање на првобитната сопственичка структура.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

На првото прашање господинот Илија Филиповски ќе даде одговор.

ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:

По барање на Агенцијата за приватизација на 27 е донесена времена одлука со која се забранува продажба, препродажба на имотот од Нова Македонија.

Од страна на Агенцијата преку јавниот правобранител побарано е да се донесе пресуда со која се поништува договорот потпишан меѓу Владата на Георгиевски и ЈУГ сторитве за продажба на НИП Нова Македонија.

Второ, средствата кои се уплатени од два милиона и 300 илјади евра да се вратат на посебна сметка со што сакаме да пратиме сигнал на странските инвеститори дека доколку постои било каков спор тие средства нема да ги изгубат доколку докажат дека се нивни.

Трето, да се изврши пререгистрација на сопственоста во централниот регистар.

Се надева дека судот ќе ја цени осетливоста на овој предмет од аспект на време и се надевам дека побрзо ќе закажат рочиште за да може да се врзе пресудата предложена од Агенцијата за приватизација.

Инаку, кога се работи за Министерството мислам дека не би било на одмет да се каже дека тие средства се платени од страна на Агенцијата за приватизација врз основа на одлуката на Владата. Платени со неколку трансакции преку неколку банки и од тие средства платен е износ од два милиона и 300 евра.

Хипотеката во Нова Македонија ставена е врз основа на договор измеѓу ЈУГ сторитве и од друга страна Нова Македонија со која се кажува дека вработените треба да се преквалификуваат, да се вработат на друго место и за тоа НИП Нова Македонија треба да плати по 25 илјади евра за секој вработен што треба да се

преквалификува и потоа да се обезбеди работа. Врз таа основа поставена е хипотеката на имовината на НИП Нова Македонија. Очекуваме дека и за ова прашање ќе се донесе разврска во судот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали госпоѓа Крепиева е задоволна од одговорот?

БЛАГОРОДНА МИНГОВА КРЕПИЕВА:

Сосема, Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

На второто прашање гувернерот Г.Трпески ќе даде одговор.

ЉУБЕ ТРПЕСКИ:

Во врска со спроведувањето на Одлуката на Уставниот суд надлежна е Владата. Народната банка служи само како логистика и ние таа логистика ја направивме, направивме детална супервизија на сите промени во акционерската структура што се направени во Македонска банка и на напред и на назад, така да се изразам, таа анализа е доставена до Владата. Сега е на потег Владата да си преземе понатамошни мерки на тој план.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали госпоѓа е задоволна од одговорот или имате дополнително прашање?

БЛАГОРОДНА МИНГОВА КРЕПИЕВА:

Дополнителното прашање сигурно не ќе може да се однесува а Г. гувернер, бидејќи тој веќе кажа дека нивната информација за се' што постапиле е упатена до Владата и во овој случај најмеродавен за таков одговор би бил министерот за финансии.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Можете дополнителното прашање да го пренасочите кон министерот за финансии ако сакате, со оглед на надлежноста во овој момент.

БЛАГОРОДНА МИНГОВА КРЕПИЕВА:

Го пренасочувам кон министерот за финансии.

НИКОЛА ПОПОВСКИ;

Господине Гошев да дадете одговор на дополнителното прашање, потоа продолжуваме.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Владата усвои заклучок во правец на реализација на Одлуката на Уставниот суд и се преземаат мерки.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Збор има Г. Спиро Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани колеги,

Со моите прашања би сакал да се задржам на вниманието на она што ќе ги интересира нашите гласачи од Битола, поранешнит еколеги од Електростопанството на Македонија и пошироката макеоднска јавност.

Првото прашање би го поставил до Г. премиер Бранко Црвенковски и министерот за финансии Г. Петар Гошев.

Зошто не е предложено ново законско решение за разрешување на аферата “ТАТ”, бидејки во моментот се водат преговорите со ММФ, беше добра прилика да се види дали истото ќе беше одобрено од нив.

Имено, пред изборите Г Црвенковски во Битола на штедачите на ТАТ им ветуваше дека ќе го предложи многу поповолниот закон за обештетување од предложениот од Г. Георгиевски. Значи, сертификати да се поделат обврзници. Ние не се сомневаме во способностите на Г. Црвенковски и неговата храброст дека ни СДСМ ниту Свети СДСМ нема да го спречи да го фати октоподот од своите редови кој го создаде ТАТ и дека конечно по 6 години ќе им ги врати парите на штедачите. Зошто воопшто не е предложен никаков законски предлог за обештетување за да видиме во текот на преговорите со ММФ дали тие ќе го одобрат и дали штедачите ќе го прифатат. Тоа е првото прашање.

Останатите две рпашања се однесуваат до Министерството за економија ....

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Не соопштивте првото прашање до кого?

СПИРО МАВРОВСКИ:

До Г.Бранко Црвенковски и министерот за финансии Г. Петар Гошев.

До Министерството за економија би поставил две прашања.

Првото прашање моменталната енергетска состојба во Република Македонија, колкаво е дневното производство на нашиот електроенергетски систем и колку се задоволуваат потребите на РМ со тоа производство.

Колкав е увозот на електрична енергија во моментот и за колку време и каков аранжман е склучен за увоз на оваа енергија, што би значело тоа во пари.

Имаме сознанија дека и покрај извонредната хидролошка состојба што во моментот е во Македонија, потенцијалот кој го имаме за производство на електрична енергија кој го имаме во моментот во хидроелектраните некаде 370 гигават часови за разлика од ланската сушна година кога тоа изнесуваше околу 40 гигават часови, склучен е договор со кој треба да се увезуваат 165 мегават часови енергија секој ден за разлика од минатиот договор во кој се увезуваШе некаде  околу 100 мегават часови.

Другото прашање е што предвидува Програмата на Владата за натамошниот десетгодишен развој на електроенергетскиот систем, кои се плановите за енергетскиот развој. Можни големи енергетски објекти кои во иднина ќе доведат до подобра и попријатна состојба во енергетскиот систем вкупно во РМ.

Во моментот состојбата со РЕК “Битола” е стабилна , бидејќи од претходната раководна гарнитура е оставена откривка на јаглен од некаде 12 милиони тони во рудникот Суводол, што е доволно за двегодишна работ ана термоелектраните на РЕК Битола. Но, тоа не значи дека со тоа е завршено се. Затоа што резервите најаглен во рудникот Суводол мислам дека завршуваат во наредните 10 до 12 години и затоа ќе треба да се посвети многу поголемо внимание на овој проблем за отворање нови енергетски капацитети кои ќе можат оваа ситуација да ни ја донесат во многу поблагопријатност.

На крајот би ја замолил Владата да достави информации во форма на извештаи за енергетската состојба и се она што се презема во РМ да го добиваме во вид на извештаи во Паралментот барем два до три пати во годината, како би биле констуктивна опозиција и би учествувале со свои предлози и решенија во

надминување и решавање на оваа енергетска криза која се очекува во наредните години.

Последното трето прашање е до Министерството за економија, а се однесува на Електростопанството на Макеоднија и посебно би сакал , ако можат да бидат тие два извештаи другито за РЕК Битола. Тоа е поради изборното ветување на Г. Црвенковски дека нема да има реваншизам, би сакал одговор на неколку потпрашања.

Колку нови решениај се издадени од новото раководство за промена на работни места во ЕСМ и РЕК Битола, колку работници се распоредени со еден или два степени подолу од нивната стручна подготовка , бројот на поведените судски постапки поради овие неправилности и бројот на отпуштените работници од фирмите кои работеа во РЕК Битола и во другите организации од ЕСМ, во најголем број тоа се социјални случаи и бројот на новопримените на нивно место.

Лично се плашам да не дојдеме во ситуација истите работници по долги судски спорови да бидат вратени на истите работни места и да биде исто како што беше со избрканите работници 1993 година во штрајкот во РЕК Битола кога беа вратени на работа 1998-1999 година и им беше исплатено оштета од близу милион германски марки. Тоа го плати претходното раководство на РЕК Битола и на Електростопанството на Макеоднија, но за жал, оние што ги избркаа мислам дека не сносат апсолутно никаква одговорност за таа штета и повеќе милионот никој не го спомнува.

Затоа господа ќе ве замолам за малку повеќе внимание во овие одлуки за што сепак се работи за луѓе што си ја знаат работата совесно и професионално ја иџзвршуваат и покрај тоа што се членови на ВМРО-ДПМНЕ, но за жал, таа хајка продолжува и со работници што немаат допирни точки со оваа партија, а беа поставени на некои одговорни функции поради своите стручни квалитети изатоа мислам дека треба да се посвети поголемо внимание на оваа ситуација ако сакаме изборното ветување на Г. Црвенковски да биде вистина.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

На првото прашање ќе одговори министерот за финансии и заменик премиер Г. Гошев.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Бидејки Владата се потсетува на изборни ветувања , се разбира, секој што ветува треба и да настојува тоа што го ветува да го исполнува. Меѓутоа, кога сме кај ветувањата г. Мавровски мислам дека не заборава кој најмногу ветуваше решенија за случајот ТАТ и какви решенија и кој потпишуваше договори и кој не ги исполнуваше договорите со раководствата на штедачите. Се надевам дека тоа не е заборавено.

Зошто има вакво решение сертификати, а не државни обврзници на г.Мавровски исто так аму е познато, бидејки такво решение усвои Владата на г.Георгиевски.

Зошто немало друго решение, затоа што првото решение во разговорите со ММФ не било прифатено, а од некои списи што ги прочитав за причините зошто не е заклучен договор со ММФ во времето на Владата на г.Георгиевски, ова едно од многуте важни прашања.  Се разбира ние разговараме сега и во текто на оваа мисија за ова прашање и за вакви прашања, но морам да ви кажам дека такво ново решение тешко може да помине во овој момен, од многу причини. Разликите помеѓу стари девизни заштеди како последица од распадот на бивша Југославија, закони што гарантирале целосна девизна заштеда и ова се различни ситуации, но и покрај нашата добра волја да најдеме подобро решение за ова прашање во моментот најискрено можам да кажам дека не сум голем оптимист иако ќе направиме се што е можно од наша страна. Меѓутоа, да не ја заборавиме целата историја на прашањето.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали сте задоволен од одговорот?

РИСТО МАВРОВСКИ:

Не би можел да бидам задоволен од одговорот затоа што во случајот се зборува само за последиците. Мислам дека г.Гошев не тера да заборавиме кога е аферата ТАТ, кој ја создаде и кој се трудеше да го реши сето тоа.

Ветувањата на г.Георгиевски има и некоја завршница и господата штедачи од ТАТ на некој начин беа обештетени и во тоа обештетување се јави она изборно ветување триумфално најавено дека сето тоа нема да биде решение за штедачите од ТАТ, дека ние имаме друго решение, дека ќе се вметне во законски проект и дека тоа ќе биде решение за штедачите од ТАТ кои не би требало да ги користат тие

сертификати затоа што ќе им се понуди ново и подобро решение. Сега слушам од г.Гошев дека воопшто не е разговарано со ММФ, значи точно е едно предизборно ветување пред граѓаните, да не речам потежок збор кој ќе излезе како заклучок од сето ова, да не речам дека е предизборна лага, но мислам дека на тој начин како што почна ТАТ так аи ќе заврши затоа што и тогаш се бараа некои личности кои треба да бидат обвинети за аферата ТАТ, беа притворени, се водеше судска постапка, но испадна дек аникој не е крив. Истото и сега, јас чувствувам дека тоа најмалку оваа Влада ја интересираше и поради ММФ воопшто не е ни разговарано за ова прашање и така ќе го прифатам одговорот на г.Гошев.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Господинот Мавровски изгледа сака да не ме разбере точно, јас не реков ниту една реченица дека не разговараме и дека не е и ова прашање на дневен ред, а сепак тој заклучува дека сум рекол дека не е разговарано. Значи , та не е точно. Не реков така, реков сосема друго. Тоа е број еден.

Број два, она што може , доколку ова друго поповолно решение не биде оваа Влада подготвува посериозна понуда на акции, на удели на државен имот за да се сочува вредноста на сертификатите. Тоа наскоро ќе биде објавено, Министерството за економија на тоа прашање посебно работи.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Министерот за економија одговор на второто прашањ за енергетската состојба.

ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:

Во врска со второто прашање пратеникот Мавровски рече дека минатата година се увезувало 100 мегават часови, оваа година дека се увезува 165, сакам само да го потсетам дека оваа година работи поранешниот Југохром , сега Силмак, истовремено оваа година работи Фени што значи дек аимаме зголемена потрошувачка.

Сакам да го уверам пратеникот истовремено и граѓаните на РМ дека во овој зимски период до крајот на март нема да има никакви проблеми во снабдувањето со електрична енергија. Ќе беше добро доколку тоа беше од сопствени извори ако гасната турбина која во 1997-1998 година се работеШе на нејзе за да се реализира во рок од три години, ако таа сега беше пуштена и второ, ако Козјак не доцнеше две,

три години заради политички проблеми кои ни ги донесе поранешната Влада иако Матка-2 се реализираше, во тој случај ни во овој момент немаше потреба да увезуваме електрична енергија. За жал, се случи тоа што се случи како последица на развојната стратегија која не ја правеше минатата Влада.

Што се однесува до стратегијата за натамоШен развој меѓу првите објекти за кои оваа Влада разговараше на миантата седница беше Информација од Министерството за економија врз основ ана коај Владата заклучи да се формира Управен комитет помеѓу ЕСМ, Топлификацијата и Макпетрол околу прашањето на градбата на гасната турбина.

Второ, интензивното работење да се заврши Козјак и влегувањето во текот на оваа година со почетни работи во Матка-2.

Понатаму, Владата е во преговори да организира изработка на долгорочна стратегија за сите енергенти и се надевам дека за тоа ќе добиеме донација од надвор за да може да се направи не само за потребите на Македонија, туку регионално поврзување гледаќи ја состојбата во целиот регион. и од аспект на електрична енергија, гасот, течните горива, тврдите горива и т.н.

Тоа е одговорот во врска со второто прашање.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Мавровски дали сте задоволен?

СПИРО МАВРОВСКИ:

Тоа дека во моментот работи Југохром и Фени мислам дека тој договор е потпишан малку порано пред да почне да работи Фени, а тоа дека сакаме да претставиме дека во моментот ќе може да биде некој енергетски објект дали е Козјак или Матка-2, мислам дека ќе бидеме во некоја заблуда што се покажа претходните 2-3 години во овие сушни години во Макеоднија навистина беше голем проблем и мислам дека стигнавме во ситуација енергетскиот систем во Макеоднија без тој увоз не можеше да опстане.

Мојата намера е да укажам на тоа дека енергетската состојба е навистина ситуација која треба сите заедно да ја разгледаме многу посериозно. Ова со гасната турбина веќе се провлекува неколку годининаназад, доцнењето на Козјак има поголеми причини отколку претходната Влада, тоа уште на самиот почеток и како објект мислам дека има доста проблеми од самиот старт и мислам дека овие две

години напред ќе бидат малку за да тој објект претставува нешто во енергијата во РМ.

Не слушнав ништо од г.министер какви се размислувањата во однос на отворањето на новиот рудник Брод-Неотино кој, доколку го имавме сега такви испитувања постоеја во далечната 1990 година, мислам дека ќе бевме во многу поповолна ситуација. Моите укажувања се само во насока да ги најдеме правите правци, да ја обезбедиме енергијата за РМ, ако правилно ме свативе.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дополнителното прашање за рудникот г.Филиповски.

ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:

Јас ја спомнав стратегијата на која Владата, Министерството за економија работат на долгорочно решавање на проблемот на енергетиката и во тој склоп и рудникот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

За третото прашање пак сте вие.

ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:

Во врска со третото прашање сакам да го потсетам пратеникот Мавровски дека ЕСМ најде една финансиска  состојба некаде околу 208 милиони евра ненаплатени побарувања, долгови и околу 80 милиони, но не ме држете за збор, во овој момент не ја земајте втората цифра во предвид, значи најдовме една тотално финансиска растурена состојба во ЕСМ.

Ќе го потсетам односно ќе го прашам г-динот Мавровски дали во Битола требаше да бидат ангажирани бугарски фирми, или можеа да работат македонските градежни фирми. Дали на тоа прашање може да ми даде одговор.

Второ, што се однесува до вработените, дали некој од нив се преместени од едно на друго место, јас во овој момент немам такви податоци, но за тоа можам да побарам да ми доставаат писмена информација.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Значи на третото прашање ќе доставите писмен одговор.

ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:

Само за дел од третото прашање за кадровскиот дел.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Мавровски кадровскиот дел оставете го, ќе добиете писмен одговор, а за првиот дел ако имате дополнително поставете прашања.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Не очекував г-динот министер ќе ми постави прашање. Но, за она што го знам ќе се обидам да го одговорам.

РЕК Битола работи некаде од 1975 година и се до 1998 година, тоа се 23 години, во кои 23 години работеа некаде 3 до 4 фирми,директно без тендер, по цена од 6 марки од м3.

Во 199 година во РЕК Битола влегоа и работеа на ископот некаде повеќе од 40 фирми, по цена од 4 марки од м3.

Разликата  во ископот, од она што беше во тие 23 години претходни, ќе дојдеме до една голема сума од 37 милиони евра кои Електростопанство ги платило баш на тие градежни фирми кои работеле во РЕК Битола без никаков тендер и без никаква објава и за кои постојат добри предуслови сега да продолжат да работат.

Јас сум спремен да се видиме со г-динот министер и да подискутираме за други работи.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Ако е во корист на енергфетиката слободно дискутирајте. Затоа сме во парламентот.

Добро завршивме со овие три прашања.

За збор се јавува г-динот Зоран Шапуриќ.

ЗОРАН ШАПУРИЌ:

Првото мое прашање ќе го упатам до гувернерот на Народна банка на Македонија. Прашањето е следно:

Кои се моменталните состојби во Екс-импорт банката и која е судбината на оваа банка и нејзините комитенти.

Второто прашање се однесува на министерот за транспорт и врски.

Што ќе биде преземено од страна на министерството за да го спречи монополското однесување на Телекомот и неговата ќерка фирма МОБИМАК, по продажбата на Телекомот од претходната Влада и тоа во поглед на заштита на вработените, бидејќи управата на Телеком најавува масовни отпуштања, а сведоци сме дека со написите во печатотот дека во договорот не се предвидени минимум пет години такви отпуштања, и покрај тоа што никој немал прилика од новата Влада да го види тој договор, понатаму заштита на крисниците односно потрошувачите од астрономски високи и нереални телефонски сметки во кои никој нема увид. Дури и по приемите на граѓаните Телеком не им дава увид во обавените разговори, најчесто под изговор дека опремата е во дефект. Така што сите пријави од граѓаните се без успех, така што граѓаните нема каде да се пожалат за тоа.

Што ќе преземе Министерството во таа смисла, во контрола на софстверот кој ги креира телефонскитеимпулси, а за нив има индиции дека произволно ги прави Телекомот, како и контрола, во смисла на нереално прикажување на профитот од страна на Управатана Телекомот и спречување на Телеком и неговата ќерка, компанија Мобимак, и нивната опструкција од воведување на втор мобилен оператор, како резултат на што имаме највисоки цени на импулси во фиксната и мобилната телефонија, во Европа.

Третото мое прашање го упатувам до Министерот за финансии.

Со оглед на тоа што во јавноста, од страна на новото раководство на царинската управа, изнесени се податоци дека во изминатата година се увезени 25 илјади автомобили кои се оцаринети по нереална вредност односно по царинска основа и каталошка вредност многу помала од реалната. Колку е оштетена државата односно буџетот, од увозот на такви возила, за кои не е извршено реално царинење, како и тоа, што ќе преземе Министерството и управата, во иднина да се спречат таквите појави.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Одговор на првото прашање ќе даде гувернерот на Народна Банка на РМ господинот Љубе Трпевски.

ЉУБЕ ТРПЕВСКИ:

Сегашниот статус на Експорт-импорт банката е дека таа е под привремена управа, од 8.01. о.г. и според законот во тој статус може да биде 6 месеци.

Посериозни проблеми во оваа банка почнаа месец дена пред изборите кога најголемиот акционер на банката едноставно престана да ги сервисира обврските спрема банката и банката западна во зоната на неликвидност. НБМ на тоа реагираше со тоа што покрај другите мерки постави и повереник во таа банка, а тоа значи дека не може да се изврши ни една уплата или исплата без параф од тој повереник. На тоа најголемиот акционер реагираше со тоа што ги префрли сметките од неговите фирми во други банки и ја остави, така да се каже на цедило банката. Заради тоа банката не само што западна во сериозна неликвидност туку западна и во зоната на несолвентност и уследи оваа одлука од страна на Советот на НБМ на 8.01.2003, да се стави под привремена управа, значи да се суспендираат и органите на управување и органите на раководење.

Вториот ден откако се постави привремениот управник, тој ги блокираше сите сметки на најголемиот акционер во РМ, и деновиве сме сведоци на реагирање на одредени компании, на вработените. Јас сочувствувам со вработените, меѓутоа, не е виновен привремениот управник што ги блокирал, тукувиновникот треба да се бара на друга страна.

Во законскиот рок, во рокот од 16 дена откако е ставена банката под привремена управа се поднесоа две санациони програми од две групации и сега се во фаза на проценка за реалноста на тие програми. За тоа, има време од месец дена и ќе се види дали има сериозни изгледи некоја од тие програми да се прифати. Најдобро би било кога би можеле да се спојат тие две програми, па како една да одат. Тогаш има шанси банката, најверојатно да исплива од сегашнава ситуација. Меѓутоа, тоа ќе се знае некаде на почетокот од март.

Претседателе, кога го добив вашето писмо, пред неколку дена, дека е најавено пратеничко прашање и да присуствувам на оваа седница размислував и, така да кажам, нагаѓав, бидејќи деновиве ова прашање е во фокусот, дека ова прашање ќе ми биде поставено, па проверив каква е состојбата во другите, да речам поранешни ЈУ Републики.

Во Србија, во последните две години 23 банки се банкротирани, одземена им е дозволата од страна на НБ на Југославија и едно сериозно списсание го има прогласено гувернерот за личност на годината, минатата година и тоа е едно од главните аргументи е за неговата храброст што го направил тоа.

Во Хрватска 13 банки се ликвидирани, во последните три години, а во БиХ 9 банки се ликвидирани од кои три банки се во статус на привремена управа. Во Црна Гора две и во Словенија една.

Откако сум јас гувернер во Македонија две банки се банкротирани а една сега е ставена под привремена управа.

Единствено во Македонија не се уридра, како што вели народот, по атот туку се удира по самарот. Меѓутоа, моето презиме е Трпевски, значи јас сум трпелив, вистината ќе излезе на видело, како што излезе и за Алмако банка и за оваа, кој стои зад тие напади. Меѓутоа, нема да попуштам, независно од кого се нарачани тие напади.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Шапуриќ дали сте задоволни од одговорот.

ЗОРАН ШАПУРИЌ:

Да.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Второто прашање беше упатено до г-динот Ајдини, министер за транспорт и врски, иако, колку што избројав во тоа второ прашање имавте пет прашања.

ЗОРАН ШАПУРИЌ:

Во прашањето се набројани кои мерки треба да се набројат. Инаку прашањето е едно.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Повелете господине Ајдини.

МИЛАИМ АЈДИНИ:

Сублимирани се во едно прашање неколку потпрашања. Ќе се обидам да одговорам на сите, колку пратеникот ќе биде задоволен ќе каже.

Како министерство за транспорт и врски, во поглед на тоа дека АД Телекомуникации е монопол односно има монопол до 2005 година, не можеме м ногу да ги решиме овие проблеми кои се јавуваат во оваа бранша, кај телефонијата. Во тој поглед имаме управа која е надлежна за ваквите однесувања на АД Телекомуникации.

Управата за Телекомуникации на 18.10 2002 година ја има анализирано оваа проблематика, меѓутоа не може директно да влијае врз работата на Телекомуникацијата.

Во поглед на цените што ги спомна пратеникот, да кажам дека во пазарната економија ние не можеме да придонесеме тие да бидат пониски итн.

Во врска со софтверот, исто така се кажаа некои работи и да кажам дека ние како министерство немаме можност да контролираме нечии софтвер. Почнувајќи од тоа дека самиот монопол се злоупотребува, понекогаш од АД Телекомуникации, тоа се злоупотребува и од фактот што не дава можност за интерконекција и на вториот мобилен оператор. Ние ги преземаме сите мерки во рамките на нашите надлежности, но сега конкретно не можам да кажам дека ќе направиме тоа и тоа во врска со телекомуникаиците. Верувам, кога ќе им помине монополската положба на АД Телекомуникации, со самиот факт што ќе може да се вклучи и некој друг оператор, сите овие проблеми ќе се решаваат со самото поминување на времето на монополот, кај телекомуникации. Тоа не можеме заради тоа што отворено е констатирано или определено дека до таа и таа дата ќе биде монополот на Телекомуникации.

НИКОЛА ПОПВСКИ:

Дали г-динот Шапуриќ е задоволен од одговорот?

ЗОРАН ШАПУРИЌ:

Воглавно да, со еден мал коментар, всушност дополнително прашање, а прашањето е упатено до Министерот за транспорт и врски како надлежно министерство за оваа боласт. Прашањето е следното:

Дали Министерството за транспорт и врски, се разбира во содејство и со другите министерства, бидејќи од редовни управи не се во состав само на Министерството за транспорт и врски, туку и други, ќе продолжат со перманентни активности во смисла на воспоставување на контрола на тој софстевр, бидејќи софестверот за импулси доколку не го контролира државата тогаш никој никогаш не може да докаже која е сметката, без разлика што е пазарна економија бидејќи лоша работа е државен монопол, но уште полоша работа е приватен монопол. Во таа смисла прашувам дали Министерството за транспорт и врски во содејство со другите министерства и управи, ќе продолжи со активности да ја воспостави таа контрола и

да продолжи со забрзување на активности, за воведување на вториот мобилен оператор, бидејќи еве тука веќе и имаме можност, нема ограничување до 2005 година, да се поведе тој втор мобилен оператор и да се спасиме од таа состојба да бидат кај нас во Македонија најскапи импулсите за мобилната телефонија, а воедно ние сме една од ретките, ако не и единствена европска земја која сеуште има само еден мобилен оператор. Тоа е моето дополнително прашање.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Ајдини, ќе одговорите.

МИЛАИМ АЈДИНИ:

Спомнав дека и монополската управа на РМ, согласно законските овластувања има донесено решение со кое утврдува дека македонските телекомуникации ја злоупотребуваат монополската позиција. Меѓутоа, ние за ваквите прашања или потпрашања на пратеникот, за да преземаме дејствија треба да имаме индикации. Индикациите се тие кои ќе не доведат во можност ние да можеме нешто да провеpуваме. Беза конкретни индикации за злоупотреби ние неможеме сега да пристапиме и да го контролираме софтверот на едно акционерско друштво.

Нереков дека до 2005 не може да се вклучи вториот оператор затоа што тој договор е потпишан во 2000 година, а истата работа е на нулта точка или сега е во некој почеток, сега се преземаат некои конкретни активности за воведување на вториот мобилен оператор. Тоа што реков јас важеше за фиксната телефонија и оваа монополска позиција ја има до 2005 година. Меѓутоа, тоа не значи дека не може да се вклучи вториот мобилен оператор. Дали цените ќе паѓаат и колку ќе паѓаат, кога ќе се вклучи вториот мобилен оператор, е прашање на време, треба да се види колку тие можат да ги држат истите цени. Дека цените навистина се големи, тоа е факт. Меѓутоа, ние директно не можеме да имаме контрола затоа што не сме акционери со повеќе од 51%. Значи најголемиот пакет преку 51% го имаат други фирми и затоа ние директно не можеме да имаме некое влијание во тој поглед.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Инаку господине министер државата мора да има инструмент на контрола на броењето на импулсите. Ако не во вашиот ресор, во некој ресор сигурно мора да биде.

Третото прашање е упатено до г-динот Гошев.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Точно е утврдено дека определена количина на возила не се оцаринувани според реалната цена и точно е дека е оштетена државата со средства кои би требало да бидат собрани во тој основ, вкупниот износ на собрани царини.

Управата за царини сеуште работи на тоа прашање и вкупната вредност сеуште до крај не е утврдена. И на тоа и на тоа прашање се работи и ќе има конкретен извештај за тоа.

Што се однесува до лицата кои не го применувале законот, по сопствена желба или по желба на увозниците, договорно утврдувале пониска основица за оценување. Еден дел од тие лица веќе се отстрнети од работа, а за друг дел се води постапка и ќе следат кривични пријави.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Шапуриќ, на првиот дел од прашањето ќе добиете одговор очигледно, откако Министерството ќе ги собере сметките, а дали сте задоволен со вториот дел од одговорот?

ЗОРАН ШАПУРИЌ:

Да.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Пратеничко прашање ќе постави господинот Михајло Георгиевски.

МИХАЈЛО ГЕОРГИЕВСКИ:

Моето прво прашање се однесува до министерот за култура, а гласи:

До каде стојат работите околу обновувањето на Лешочкиот манастир “Свети Атанасиј” и Манастирот “Света Богородица” во Матејче, споменици на култура на ЏИВ век, разрушени од албанските вандали, а кои се наоѓаат и овде во Собранието, понекои, како пратеник или министер, па можат барем материјално да помогнат при обновувањето на овие светилишта.

Второто прашање е до Владата. Македонската православна црква со улога на Владата на Црвенковски ги врати двете возила добиени како подарок од

претходната Влада на Георгиевски. Се работи за стар џип и обична лека кола. Но дали премиерот Црвенковски ги врати луксузните две нови возила од типот “Ауди”, запленети од терористичките банди на Али Ахмети.

И третото прашање е до министерот за образование:

Кога конечно ќе го реши прашањето на македонските ученици од Шемшово. Познато е дека до сега од министерот за образование е извршена само промена од “Шемшово” во “Шемшава” и како награда за “добрата” меѓу етничка соработка обезбеди материјални средства за изградба на спортска сала пред која ќе стои бистата на балистот “Јумни Јонузи”.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

На првото прашање ќе одговори г. Благој Стефановски, министер за култура.

БЛАГОЈ СТЕФАНОВСКИ:

Се работи и на двата споменика. Во секој случај, Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата директно ме известува за работата и сигурно заради случаите што ги следат овие два објекти и меѓународната заедница имаме проблеми. Ете, кога ја стававме покривната конструкција на манастирот во Матејче имавме некои неприлики, меѓутоа, нема да се откажеме. Сметам дека изнајдуваме решение и објектите ќе ги ставиме во таква положба во каква треба да бидат во најбрз можен рок и за тоа издвојуваме значајни средства од фондовите за заштита на спомениците.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали сте задоволен од овој одговор г. Георгиевски?

МИХАЈЛО ГЕОРГИЕВСКИ:

Само делумно, бидејќи треба поголема акција и подинамично и побрзо решавање, затоа што временските услови ќе ги доразурнат објектите, ќе ги уништат.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Ве молам, вклучете го повторно г. министер Благој Стефановски.

БЛАГОЈ СТЕФАНОВСКИ:

Бидејќи се работи за стручни екипи и за временските прилики што се такви, за покривната конструкција повторно кажувам, заради суптилниот проблем, односно таму се јавуваат некои луѓе кои го попречуваат тоа, придружени сме од меѓународната заедница и тие помагаат во тоа. Велам, се судруваме со проблеми, но работиме и во најбрз можен рок сметаме дека ќе ги доведеме во првобитна положба.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

На второто прашање во има на Владата ќе одговори г. Хари Костов, министер за внатрешни работи.

ХАРИ КОСТОВ:

Ќе одговорам малку пошироко на тоа прашањ, затоа што прашањето на отстапување на моторни возила од страна на Министерството за внатрешни работи беше разгледано и на седница на Владата во текот на декември. Притоа, да биде јасно, сите министри кога ја преземаме обврската потпишуваме изјава дека ќе го браниме Уставот и ќе го штитиме законскиот поредок на државата и ќе ги почитувам закони. Според тоа, дури и во делот кога се преотстапуваат моторни возила треба да се почитува законот.

Она што е најдено е следното: поранешниот министер за внатрешни работи, надвор од законот, поделил 7 решенија со кои има поделено 14 возила на некои поединци, институции итн. (уфрлување со зборовите “точно”). Тоа што е точно е друга работа и мило ми е што потврдувате, меѓутоа, работата е во тоа што вие такво право според законот немате. Според законот, со имотот на органите располагаат...

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Комуницирајте со пратеникот што го постави прашањето.

ХАРИ КОСТОВ:

Се извинувам.

Значи, според законот со имотот располага Владата и единствено Владата може да донесе решение на кого и што се отстапува. Дури, имате такви случаи купено возило за потребите на Министерството за внатрешни работи, најнов

тип на “Голф” во текот на јули 2002 година, после на 30 септември се преотстапува на определена институција. Министерството за внатрешни работи не е институција која купува возила, па потоа ги подарува, туку купува возила за свои сопствени потреби, а не за институции и поединци.

Според тоа, Владата донесе одлука со која определени решенија од тој дел се поништени и се донесени нови решенија, со кои Владата како единствена институција која располага со имотот на државата, донесе такви решенија за поништување.

Во вториот дел, бидејќи беше прашањето и околу определени возила, кои во текот на кризата беа одземени и исчезнаа, ве информирам дека во текот на денешниот ден едно од тие возила од СВР Тетово веќе е обезбедено и се наоѓа во СВР Тетово, а денес ќе биде со велчна служба донесено во Скопје, Меѓутоа, колку што знам, тоа се случило некаде во март 2001 година, до јануари 2003 немаше никакви резултати. Ние за овој период успеавме да го најдеме едното возило и да го донесеме.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Георгиевски, дали сте задоволен од одговорот?

МИХАЈЛО ГЕОРГИЕВСКИ:

Не сум задоволен, бидејќи моето прашање беше каде се возилата од бандите на Али Ахмети. Фала богу што едното возило е најдено, но што се чекаше до сега толку време, дури сега се најде едното возило, а каде е другото? Значи, не сум задоволен, потребна е поголема активност за да се најдат возилата. Инаку, за претходното прашање дека е земено, дадено, вратено, тоа е вратено. Но за второто прашање, се бара да се вратат новите возила “Ауди”.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Значи, имате дополнително прашае каде е второто возило.

ХАРИ КОСТОВ:

Му благодарам на пратеникот и за дополнителното прашање. Меѓутоа, ние сме на власт неполни три месеци и за три месеци го најдовме возилото. Како што реков, тоа беше исчезнато од март 2001 година, до 1 ноември 2002 година некој друг беше задолжен да ги бара тие возила, па не ги најде.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

На третото прашање ќе одговори г. Азис Положани, министер за образование.

АЗИС ПОЛОЖАНИ:

Проблемот со учениците од с. Шемшово и околу с. Шемшово го наследивме, со ниско ниво на доверба меѓу граѓаните што живеат таму и едно такво чувство создава неповолна клима за решавање и на отворените проблеми, без оглед кога настанале, а се знае кога настанале. Имено, таквото чувство создава и чувство на несигурност и потреба од заедничко работење за создавање поинаква клима за решавање на проблемот, кој навидум иако изгледа дека е само образовен, за жал, се рефлектира кај учениците, а всушност е комбиниран со елементи типични за една постконфлитна состојба, чии ефекти не може да бидат запоставени.

Тргнувајќи од политиката на Владата и намерата решенијата за проблемите што настанаа во вaквите прилики да ги бараме на начин и да ги решаваме на начин што тие ќе создадат услови за решенија со една заедничка соработка меѓу заинтересираните страни, односно затекнатите страни по овој проблем, да се врати довербата меѓу граѓаните на ова место, да се вратат учениците и да почнат да учат заедно, односно да се воспостави континуитетот на заедничкиот живот кој би бил спомтан и во духот на традицијата на ова место.

Согледувајќи ги потребите и барањата од двете страни, за кои морам да кажам дека до извесно ниво беа конструктивни и аргументирани во однос на нивните согледувања, почнавме да го решаваме проблемот. Така, прво направивме клима тоа чувство на несигурност со заедничка работа, заедно со другите фактори и чинители во процесот, да го надминеме и да создадеме друга клима, што е многу важен елемент во овој процес. Исто така, постоеше чувство создавано од истата причина, поради што наставниците македонци не можеа, според нив, да доаѓаат во школото и да ја продолжат работата. Како симбол на тоа беше односот кон секретарката на училиштето, што беше укажано како еден момент кој би бил позитивен, ако тоа се надмине. Со заедничка работа и тоа го направивме, така што во с. Шемшово и во училиштето се наставниците од двата етнитета, нормално, и секретарката на своето работно место.

Третата работа што ние како Министерство за образование требаше да ја направиме беше да ја водиме законски предвидената процедура за измена на

името на училиштето, што не може да се оспори ни по основ на закон, ни по основ на други позитивни акти. Така, во заедничка соработка со тамошните фактори наидовме на разбирање и не само што ја воспоставивме законски предвидената процедура, туку и името на училиштетото, се со цел да се гради довербата и взаемното почитување на чувствата на еден кон друг, доведе до состојба името на училиштето да биде компромисно и затоа е ставено името на самото село, со што никој не би требало да се чувствува негиран.

Што се однесува до четвртата компонента на нашето компромисно решение, кое беше тогаш предложено, се работи за побарувањето од страна на родителите на децата што учат на македонски јазик да се помести бистата од местото на кое е поставена затоа што тоа пречело или бистата била поставена, според нив, на незаконски начин иако аргиментите беа дека е во селско училиште, значи, другата страна се штитеше со тие аргументи. Ние пристапивме кон решавање и на овој момент, со фактот што изнајдовме решение кое ќе биде за добробит, не само за решавање на проблемот, туку и за децата што треба тука заедно да учат, и за албанците и за македонците, со тоа што ќе се изгради фискултурна сала која недостасува во селото и во регионот, со тоа што тука да продолжат да учат децата од двата комунитета и да искористат нешто од оваа состојба за подобар и поквалитетен едукативен процес, кој мислам дека е цел на секое министерство за образование.

За жал, морам да констатирам дека во оваа фаза сме во тек на реализација овој дел од компромисот и мислам дека ќе треба да се реализира како дел од тој компромис, а не за да се задоволат и афирмираат таквите искажувања, како што кажа и г. пратеник, поради фактот што школото или објектот ќе носи име на некој балист, затоа што од нашите анализи, сознанија и други документи никаде не произлегува дека тој човек, всушност наставникот на ова село неикогаш бил балист или било каде, кога бил на таа возраст, затоа што веројатно бил член на трупите на НОВ во Втората светска војна. Така, ги отфрлувам како неточни и злонамерни таквите тенденции за такво именување на учителот на селото, но ние го правиме поместувањето за да биде во функција на взаемната доверба и градењето односи кои би овозможиле натамошен заеднички живот, како што била традиција и досега, а бистата на истиот учител да биде адекватно третирана, со тоа што ќе биде поставена неколку метри понатаму и од тоа никој да не се чувствува полошо поради фактот што се поместува. Мислам дека со таквиот начин на работа ќе успееме да го решиме и овој дел од компромисното решение, со што се надевам дека ќе

создадеме добри услови за подобар образовен процес и за албанците и за македонците, а и за доборото на сите граѓани во овој дел.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали сте задоволен г. Георгиевски?

МИХАЈЛО ГЕОРГИЕВСКИ:

Не сум задоволен од одговорот на министерот Положани, бидејќи, добивам впечаток не дека не може, туку не сака да го реши ова прашање.

Инаку, што се однесува до тоа дали Јумни Јонузи бил балист или не, па селаните јавно кажуваа, со него живееле, јас не го измислив тоа. Тие велат тој човек беше учител, ама балист беше и се бореле против заедничкото живеење. Што ќе му текне на некој, ако му текне да стави некое име на пример Хитлер што ќе преземете вие. Па тоа веднаш се решава. Значи, ако се сака може веднаш да се реши, меѓутоа, на сите ни е јасно дека не се сака да се реши ова прашање. Навистина, треба малку да покаже волја, за тоа што го избравме министерот да покаже дека сака и ќе ги решава тие етнички прашања. Тоа веќе не е школско прашање, тоа е политичко прашање меѓу двата етноса, меѓу македонците и албанците.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Положани, дали сакате на ова дополнителен коментар?

АЗИС ПОЛОЖАНИ:

И самиот ценет пратеник кажа дека тоа не е само образовно прашање, туку и политичко. И ние така мислиме. Јас како министер за образование правам се за да се реши тоа како образовен проблем. А да дадете елементи  каде секој може да влијае, а се надевам да влијаеме позитивно да го надминеме тоа прашање, ако се ангажираме сите во таа насока и тоа прашање ќе го решиме.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Прашање ќе постави г. Никола Апостоловски.

НИКОЛА АПОСТОЛОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани колеги,

Имам три прашања, сите за министерот за внатрешни работи.

Првото прашање: во средствата за јавно информирање, во изминатиот период, беа изнесени фрапантни податоци за средства кои се потрошени за кревање на моралот на единицата “Лавови”.

Моето прашање гласи: колку средства се издвоени за таа намена и на кого и дали имате проценка колку плати на членовите на безбедносните сили можеле да се покријат со тие средства.

Едно кратко потсетување. Во дневниот печат се појавија натписи дека естрадните ѕвезди како Калиопи, Сузана Турунџиева, Димче Мешковски, новинарот на МРТВ Слободан Томиќ и родителите на пеачот Марјан Стојановски склучиле договори со Министерството за внатрешни работи за кревање на моралот на полицајците и за други услуги. Еве како отприлика заработувале. Актерот Димче Мешковски најмногу се офајдил од соработката со МВР и тој за своите културно-просветни активности или интелектуални услуги, потпишано со договор од 7 февруари до 7 март 2002 година, само за еден месец заработил 645 илјади денари. Сузана Турунџиева на 25 јануари минатата година потпишала договор со МВР за подигање на моралот на полицајците во т.н. акција “Рамно” за финансиски надомест од 90 илјади денари. Калиопи Грил, под името на “Калиопи мјузик продукција” минатата година на 13 декември потпишала договор за организирање хуманитарна манифестација за полициските сили и за тоа МВР исплатило 201 илјада денари. Договор за дело со МВР потпишале и родителите на Марјан Стојановски, имале одвоени договори во траење од 1 октомври до 30 ноември минатата година, по истекот на договорите, нивниот син Марјан се јавувал во МВР да интервенира за продолжување на договорите. Исто така, меѓу овие естрадни имиња заскитало името на новинарот Слободан Томиќ од Надворешно-политичката редакција на Македонската телевизија, а за непознат вид на услуги г. Томиќ заработил 108 илјади денари. Списокот е веројатно уште подолг. Тоа е првото прашање.

Второто прашање до министерот за внатрешни работи: господине министре, дали имате информација за партиските вработувања во изминатите 4 години ви вашето министерство и дали по истата информација имате донесено заклучоци и предлог мерки.

Третото пратеничко прашање е до министерот за внатрешни работи: колку дозволи за носење оружје се издадени во периодот 1999-2002 година во Република Македонија, а посебно ме интересира за општина Делчево. Од тој број

колку дозволи се издадени на лица кои согласно законот не можат да добијат дозвола за поседување на оружје, а исто така посебно ме интересира за Делчево.

Понатаму, колку пиштоли и карабини поранешниот министер за внатрешни работи Љубе Бошковски додели како награди заради посебно ангажирање во остварувањето на функцијата на Министерството за внатрешни работи.

Едно кратко образложение.

Имам сознанија дека поранешниот министер за внатрешни работи за време на својот мандат, има поделено поголем број на награди во вид на пиштоли и карабини на разни лица кои немаат никакви допирни точки со работа со Министерството за внатрешни работи. Дури, тие се кривично осудувани и лежеле во затвор. Ако господинот колега Бошковски се интересира можам да му ги покажам неговите решенија. Лицата имаат девет месеци лежано во затвор.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Апостоловски, прашање се поставува до министерот, не до пратениците.

НИКОЛА АПОСТОЛОВСКИ:

Ако може да ми се одговори на усмен или писмен пат.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Сите три прашања се за господинот Костов, но ќе одиме едно по едно, поради одговорите.

Повелете по првото прашање.

ХАРИ КОСТОВ:

Помошните некогаш имаат шанса да станат министри, а инаку имаме доволно податоци сега сами да си одговориме, па состојбата е следна.

Околу прашањето за моралот, дополнително нема што да кажуваме од она што веше низ медиумите беше присутно, освен следниот факт. Тие бројки кои таму се произведуваат, некаде околу милион и три илјади денасри, што ќе значи некаде над 80 просечни месечни плати на полицајците.

Другото прашање е што за такви работи во буџетот за 2002 година, не постои ниту раздел по кој што Министерството можело да исплаќа такви аранжмани.

Друго прашање е кога се користеле некои интелектуални услови околу подготвување на закони, во тој дел си е во ред, постоеше и позиција во Буџетот и можеле да се користат соодветни средства.

Околу прашањето на вработувањата, ние ќе дадеме и писмена информација.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Завршивте по првото прашање.

Господине апостоловски, дали сте задоволен од одговорот.

НИКОЛА АПОСТОЛОВСКИ:

Да, задоволен сум.

ХАРИ КОСТОВ:

Во врска со второто прашање околу вработувањата. Ние ќе доставиме и комплетна и писмена информација за целокупниот број на вработувања во тој период. Меѓутоа, овде би сакасл да укажам, заради тоа што на почетокот кога се вршеа некои кадровски промени од Министерството за внатрешни работи, Владат веднаш беше осудена за некои реваншизми, партиски реваншизми и тн. Мојот единствен услов, колку што прифатив, раководењето со Министерството беше дека сакаме да работат професионалци и дека никогаш нема да се служиме со тгакви работи како што ВМРО-ДПМНЕ се служел пред тоа. Пред мене е документ од ВМРО-ДПМНЕ од Куманово, во кој му се наложува, с езадолжува Министерството за внатрешни работи - Куманово да издадете решенија на неопределено работно време на следните лица вработени во Министерството за внатрешни работи по договор, четворица лица, 11.02.2002 година потпишан од Кадровска комисија на ВМРО-ДПМНЕ, ОК - Куманово - Лилјана Петрушевска. Вон од тоа уште еден список до СВР - Куманово за началник Драги Несторовски од ВМРО-ДПМНЕ ......

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Ве молам, само имињата на луѓе кои не се државни функционери од партиите не ги читајте, нема потреба.

ХАРИ КОСТОВ:

Од Општинскиот комитет на ВМРО-ДПМНЕ - Куманово, доставено до началникот, во кој што е список на девет луѓе кој што, исто така мора да се вработат. На крај, бидејќи сега се издржани функционери, потпишано од ВМРО-ДПМНЕ - Општинскиот комитет - Куманово, претседател на Општинскиот комитет - Чедомир Краљевски. Такви работи Министерството во овој случај, во овој период никогаш нема да дозволи дека некој по партиски клуч и по партиска препорака, ќе биде примен.

Другото прашање и злоупотребите беа околу прашањето на лавовите и законските или незаконските вработувања. Па, некои се поставуваа за големи патриоти, повторно и дека ќе вработувале толку и толку.

Јас не поставувам прашање, туку само констатирам. Постои записник на Државната инспекција за труд во која констатира дека, во текот на јули, дека има повеќе од 950 незаконски решенија за прием на луѓе во таа единица и само би сакал да потсетам дека тие што се незаконски примени, во истиот тој период не добија согласност од Министерството за финансии, односно од тогашниот министер за финансии Никола Груевски. Според тоа, за мене тој правилно постапил, меѓутоа, некој друг, обратно, кршејќи го прописот и потпишал невалидни договори на тие луѓе.

За второто е тоа, со тоа што останува нашата обврска да доставиме писмена информација за целокупниот број на нововработени во тој период.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

За вториот одговор дали сте задоволни господине Апостоловски?

НИКОЛА АПОСТОЛОВСКИ:

Да.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Третото прашање господине Костов?

ХАРИ КОСТОВ:

Околу прашањето на доделените оружја. Овде имаме податоци од периодот 1999 - 2002 година и состојбата е следна. Во 1999 година доделени се 139

награди и пиштоли и тоа пушка карабин. Во 2000-та година доделени се 123 награди пиштол и една награда ловна пушка и две награди пиштол смит весон. Во 2001 година 188 награди пиштол револвер смит весон и една наградна ловна пушка ремингтон и три наградни ловни комбинирани пушки. Сега, во 2002 година е доделено повеќе, отколку во сите три години заедно. Па, само во таа година има доделено 466 награди пиштол и една награда пиштол смит весон. Тоа се на луѓе кои што се вработени во Министерството или други функционери, меѓутоа исто така поделени се и на луѓе кои што не се вработени. Така на пример, доделени се вкупно 118 награди пиштол и тоа изразено по години, во 1999 година - две, во 2001 година - 41 награда пиштол, во 2002 година - 75 награди пиштол. Значи, по двата основа се поделени 1047 награди во периодот од 1999 - 2002 година. Меѓутоа, доделувајќи такви оружја, некој се заборавил, е истото што одредбата од Законот и Правилникот на Министерството за внатрешни работи, зборува дека такви оружја може да се даваат само оние, кои што според видот и маркат не спаѓаат во совреметоо формациско вооружување на Министерството, најмалку 10 години, што значи 10 години не требало веќе да бидат во формациското вооружување на Министерството.

За разлика од тоа, во вкупната оваа бројка се поделени 304 пиштоли хрватски самострел, што значи нови пиштоли, кои беа набавени во минатата и пред минатата година, значи, набавувајќи веднаш на некого да се делат. Потоа, дополнително доаѓа прашањето од каде во Република Македонија толкав број на оружје кај граѓаните.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Апостоловски, дали сте задоволен од одговорот?

НИКОЛА АПОСТОЛОВСКИ:

Само делумно сум задоволен. Остана неодговорено од вкупниот број на доделено оружје, колку лица немаат законска основа да бидат носители на дозвола за употреба на оружје. Ако сака министерот одговорот да ми го досатви по писмен пат.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Министерот има право да одговори усмено.

ХАРИ КОСТОВ:

Во моментов ја немаме таа евиденција. Значи, за тој дел и она прашање за Делчево, исто така, во моментов немаме евиденција, така што ќе одговориме дополнително.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Значи, на тој дел на прашањето ќе ви се достави писмен одговор.

Благодарам.

Трендафилов Ѓорѓи на местото на Силвана Бонева.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Моето прво прашање е упатено до министерот за внатрешни работи, а се однесува на денес изнесените шпекулации во средствата за јавно информирање дека наводно 850 припадници на единицата за брза интервенција лавови, имаат криминални, односно кривични досиеа, па ме интересира дали оваа информација е излезена од самото Министерството за внатрешни работи, значи, со знаење на министерот за внатрешни работи. ако е тоа така од овие 850 лица за колку лица станува збор дека веќе биле осудени за некакво кривично дело, го платиле својот долг од општеството, сега тие се ресоционализирани, за колку лица станува збор, за кои е во тек постапката, што значи сеуште нема правосилна одлука и за колку лица станува збор што имаат правосилна одлука, но таа одлука не претпоставува забрана за вработување во органите на безбедноста, односно во Министерството за внатрешни работи и во Министерството за одбрана, во АРМ?

Второто прашање е исто до министерот за внатрешни работи. Според информациите со кои располагаме, дали е вистина дека на 21 јануари оваа година околу 13,30 минути лицето Александар Верушевски, роден 1986 година не е вработено во Министерството за внатрешни работи, управувајќи службено возило на Министерството за внатрешни работи, Голф - 2, со скопски регистарски таблички 54-4-КГ. Но, истото возило во истиот момент на сообраќајната незгода на возилото ги носи регистарските таблички на модел Пежо 2-6, исто во сопственост на Министерството за внатрешни работи и на раскрсницата “Владимир Комаров” и “Бојлија”, го удира лицето Рашиќ Бекир, роден 1939 година, кој управувал мопед и ова исто лице Александар Верушевски подоцна бега од местото на настанот, откако го прегазил човекот, бегајќи и напуштајќи го местото на сообраќајната незгодса удира во друго патничко возило и бега во својот дом на Бул.”Јане Сандански” - 12/4 - 13 и некаде околу 17,30 часот ја известува сообраќајната полиција дека неговото возило Голф паркирано пред неговата зграда е оштетно од несовесни возачи. При

увидот, при наводниот увид, се разбира, сообраќајната полиција констатира дека станува збор за возило, кое истиот ден околу 13,30 минути и директен учесник и предизвикувач на сообраќајна несреќа, при што го напуштил местото на несреќата. Овој случај, доколку е вистинит, не се наоѓа во Билтенот на Министерството за внатрешни работи, кој се дели на средствата за јавно информирање на 22 јануари, а го нема ниту на 23 јануари и според некои информации, дали министерот, доколку е сето ова точно, има сознанија, дали одредени високи политички или полициски функционери во МВР се обиделе овој случај да го спречат да биде правилно процесиран.

Моето трето прашање е до Владата на Република Македонија. Дали Владата на Република Македонија мисли дека со начинот на нејзиното кампањско работење во поглед на борбата против организираниот криминал и корупција, не остава впечаток во јавноста дека по правило на обвинителна клупа се наоѓаат само македонци и по некаква случајнот само припадници на ВМРО-ДПМНЕ. Дали Владата не мисли дека би требало да даде одговор до каде е процесионирањето на кривичните постапки против поранешниот министер Иџет Мемети за злоупотреба на службената положба и должност. Потоа, против поранешниот државен секретар во Министерството за правда Сафет Кадриу исто за злоупотреба на службена положба и должност. И, на крајот против шефот на Кабинетот на министерот за правда Сафија Мујановиќ за злоупотреба на службената положба и должност и фалсификување на службени исправи.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Првото прашање е упатено до господинот Хари Костов.

ХАРИ КОСТОВ:

Околу првото прашање, можам да кажам само следното. Министерството не излезе со свои информации околу бројот на лавовите, кои имаат покренати кривични пријави, прекршочни пријави и тн. Меѓутоа, како што по второто прашање очигледно пратеникот добил некои информации од Министерството, така најверојатно и медиумите успеале по некои канали од Министерството да добијат информации.

Инаку, точно е дека од до сега прегледаните 1000 досиеа, само 150 лица припадници на единицата лавови не минуваат низ она што се вели низ

евиденцијата односно немаат прекршочна или кривична пријава. Точно е дека за другите 850 лица постои или изречена пресуда или постапка околу прекршочна и кривична пријава. Според тоа, за подетален дел околу тоа, таква спецификација, како што постави пратеникот прашање, јас во овој момент не можам да дадам, меѓутоа, писмено по сите оние три прашања, колку од тие осудени веќе ја издржале казната, колку се во постапка и во каква постапка, така ќе доставиме писмен одговор до пратеникот. Меѓутоа, исто така, би го потсетил дека на прес конференцијата која во вторникот ја имав после седницата на Владата потенцирав дека за оние припадници за единицата лавови, согласно одлуката на Уставниот суд, согласно и законските одредби, кои својата казна ја отслужиле, или за кои што е во тек прекршочна или кривична пријава за која што нема пресуда, дека таа не претставува пречка околу прашањето на вработувањето во моментот додека не се изрече пресуда од надлежниот суд. За првото прашање одговорот е тој, со тоа што останува обврската за спецификација на тие пријави, постапки кој и до каде е, писмено да ја дадеме.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали сте задоволен од одговорот?

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Дали од одговорот на господинот министер треба да сфатиме дека Комисијата која беше договорена во мешовит состав, значи, од офицери на полициските сили при Министерството за внатрешни работи и на припадници на единицата за брзи интервенции, која е договорена на средба помеѓу вас, претседателот на Владата на Република Македонија и претседателот на Република Македонија и делегација на единицата за брзи интервенции, веќе функционира и ова што го кажувате е всушност тоа?

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали имате нов дополнителен одговор?

ХАРИ КОСТОВ:

Од страна на Министерството, Комисијата функционира веќе наредниот ден од состанокот кој беше одржан кај претседателот Трајковски со премиерот Црвенковски и со мене. Договорот беше дека Министерството за внатрешни работи

ќе формира од својата страна, а од другата страна лавовите ќе бидат сите командатни на четите, затоа што тие најдобро си ги знаат кадровските состојби во својата единица. Врз основа на договорените принципи дека тие листи треба да се исчистат од фиктивните припадници, треба да се исчистат луѓето со криминални досиеа под тие услови околу силувањето, трговијата со дрога, трговија со луѓе и убиства, кои што не можат да бидат во тие списоци, треба да функционираат.

Од аспект на Министерството, Комисијата работеше во петокот, саботата и неделата, а друго е прашање дали некој од единицата лавови, од тие луѓе кои што беа определени дека треба, значи, од самиот независен кандидат, кој што требаше да работат со Комисијата, имама или немаа желба или се обидуваа да обезбедат и некои дополнителни уценувања, услуги и тн.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Господине Костов, сега на второто прашање, повторно сте вие.

ХАРИ КОСТОВ:

На второто прашање, незнам дали беше точно на 21-ви, дали беше во 13,30 часот, затоа што очигледно е дека информациите се ......., меѓутоа, верувам во овие информации и јас имам само еден краток коментар. Настанот е точен. Меѓутоа, не да нема никакво прикривање, со тоа што една разлика нема повредено многу, има удрено во трицикл, удрено во паркирани коли, што значи нема човечки жртви и тн. Исто така, точно е дека возилото било паркирано на страна и дека полицијата го откри. Меѓутоа, она што не е точно, како некоја шпекулација, а која што дури и сега можеме да ја докажеме, е да го донесеме извештајот во кој тоа е направено и во кое буквално стои мојот писмен налог, дека постапката по тој случај мора да се истера до крај законски така како што треба, независно кое лице е во тој случај инволвирано.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Дали од овој одговор сте задоволен?

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Се надевам дека министерот ќе покаже подготвеност да го исчисти сопствениот двор. Задоволен сум од одговорот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Тоа и го соопшти.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Третото прашање беше поставено до Владата во целина, иако беше, претпоставувам, заради барање конкретни податоци, има потреба од писмен одговор.

Господине Гошев ќе одговорите писмено на поставеното прашање?

Има право заменикот премиер да определи кој во негово име ќе одговори.

Господинот Костов ќе одговори во име на премиерот.

ХАРИ КОСТОВ:

Прво, уште еднаш да повториме дека онака како што беше поставено прашањето, мислам дека е погрешно. Ниту Владата ниту Министерството за внатрешни работи не водат никакви кампањи против организираниот криминал и корупција насочени  према политички партии или насочени према луѓе од определена национална припадност.

Активностите, точно е дека битката против организираниот криминал и корупцијата е еден од приоритетите на Владата и Министерството. И точно е дека Република Македонија се најде во сите извештаи, сакате на  Светска банка, сакате на Европска банка, сакате  ФИЈАС, на Меѓунарондата кризна група како земја која што во изминатите четири години дури се доведе во прашање опстанокот на државата од обемот на организираниот криминал и корупцијата. Дури, доживеавме определени професори во своите книги да пишуваат дека нормално е што во секоја држава  има мафија, но ненормално е што во Република Македонија мафијата си имаше држава. Според тоа, не се работи за кампања, туку се работи за преземање на мерки во оние случаи каде што постојат според наше убедување докази за основано сомневање за сторени кривични дела. По тој основ само Министерството за внатрешни работи поднесоа кривични пријави.

Дека не се работи, само би потсетил, значи дека не се работи само спрема ВМРО-ДПМНЕ или не се работи спрема националност, само би потсетил дека е

поднесена кривична пријава против лицето БФ кое што не е од македонска националност туку е албанец. Исто така дека е поднесена кривична пријава против лице АБ кое е од друга националност. Меѓутоа, воопшто таква статистика, такви работи, такви покренувања на постапки во Министерството и Владата не се вршат врз основа на партиска припадност или национална припадност.

Околу другиот дел, мислам дека не се поднесени кривични пријави за другите прашања што беа околу постапката во Министерството за правда и тн. За тој дел ќе обезбедиме дополнителен писмен одговор.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Дали на делот на кој добивте усмен одговор сте задоволни?

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Воопшто не сум задоволен од одговорот на господинот Костов, пво затоа што не ни очекував дека тој е биде определен да даде одговор на ова прашање. Тој, можеби повеќе очекував да зборува за кривичните пријави против лицето ХК или за АНА или за ултиматумот од три месеци.

Јас поставив многу конкретно прашање до Владата и би замолил потпретседателот на Владата господинот Гошев писмено да ме извести што се случува со кривичната постапка на поранешниот министер за правда поради злоупотреба на службена должност, што се случува со кривичната постапка против поранешниот државен секретар по истиот основ и што се случува против шефот на кабинетот на поранешниот министер за правда кој се товари за истите дела како претходните двајца, плус делото - фалсификување на службени исправи.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Јас ви кажав дека премиерот, во овој случај заменик премиерот има право да го пренесе правото на одговарање, ако е од некој ресор, на ресорниот министер согласно Деловникот и тоа беше сторено.

Дали на дополнителното прашање ќе дадете дополнителен одговор?

Има збор господинот Гошев.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Прво да кажам дека прашањето сугерира однапред намера и заклучок. Всушност не е прашање.

Не постои ниту еден став , ниту една одлука, не постои ниту помисла,ниту може да постои помисла во Владата на Република Македонија да се селектираат прекршители или кривични дела само на лица од ВМРО-ДПМНЕ или на лица од ВМРО-ДПМНЕ.Се констатираат, тоа надлежните институции на Владата, Владата не го гони криминалот, го гонат надлежните институции и на Владата не се расправа за постапки и за тоа кој треба да биде гонет и кој не треба да биде гонет. Информациите доаѓаат врз основа на наоди на институциите на државата задолжени за тоа според Уставот.

Е сега, се разбира, имаме ситуација кога до пред малку имаше една гарнитура на власт, со констатација домашна, меѓународна дека го рашири криминалот до невидени размери и дека наместо да се бори против криминалот, стана перјаница на креирање на криминалот и дека има толку многу инволвирани лица кои се случајно ете припадници можеби на една политичка гарнитура што беше на власт. И, колку и да има други лица против кои ќе се покрене или се покренуваат кривични дејствија од други етнички заедници или други припадници на политички партии, впечатокот нема да се промени заради густината на прекршители од луѓето кои беа досега на власт. Тој впечаток не зависи од никаков став на Владата на Република Македонија што апсолутно нема и не може да има политика на реваншизам против партија, против лица, затоа што се припадници на некоја партија.

Тоа е одговорот. Дали ви се допаѓа или не, претпоставувам не, меѓутоа тоа е одговорот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Има збор господинот Костов, со оглед дека и до него имаше дополнително прашање.

Повелете.

ХАРИ КОСТОВ:

Во дополнителното незадоволство од одговорот, постоеја иницијали ХК, за кои еве јас ќе откријам дека се тоа кривичните пријави што беа поднесени против мене. Точно е дека беа поднесени од страна на Министерството за внатрешни работи, поранешно 6 кривични пријави против мене. Меѓутоа, тоа што пратнеиците и

од таа страна и од оваа страна е дека требале да го знаат законот, дека тие кривични пријави во моментот кога ќе бидат одбиени од Јавниот обвинител е исто како да не постоеле. Со оглед на тоа дека се работеше само за исконструирани кривични пријави во периодот уште во 2001 година, сите кривични пријави беа одбиени од тогашното Јавно обвинителство во кое што беше господинот Ставре Џиков и тн.

Меѓутоа, господине претседателе јас би сакал да искористам ако може, во текот на денешната седница од пратеникот Љубчо Георгиевски беше поставено прашањето на набавката на нафта, деривати од страна на Фондот за здравство.

Ние ја обезбедивме таа документација, па со оглед на тоа дека ветивме писмена инфрмација, а да се ослободиме од пишување затоа што документите се веќе тука, јас би сакал да одговорам, ако може на тој дел.

Значи последен тендер што е направен за набавка на нафтени деривати во Фондот за здравство е од 13 август, ова е Решението (го покажува решението на пратениците) со кое што се распишува тендерот, потпишано од поранешниот директор Војо Мијхајловски.

Ова е копијата, исто, од Објавата во весниците, исто од 13 август објавено.

Ова е Записник во кој што, очигледно, на тој тендер се јавиле 5 понудувачи: Макпетрол Скопје, Еуропетрол Кочани, Пуцко петрол Македонски Брод, Монди логистикс и ОКТА Миладиновци. Комисијата констатирала дека Макпетрол не е прифатена, документацијата не е комплетна затоа што немало банкарска гаранција. Врз основа на тоа Комисијата донела, и точно е дека во тој случај Пуцко петрол имал поскапа понуда и тн., точно е дека Макпетрол односно ОКТА имала поефтина понуда.

Меѓутоа, она што пратеникот Љубчо Георгивски бил погрешно информиран е дека не е избран Пуцко петрол, туку токму напротив толку популарнаста ОКТА е избрана и еве го (го покажува) Известувањето од Комисијата прво потпишана од претседателот на Комисијата за јавни набавки и потоа Решението за избор на најповолниот понудувач, потпишано од поранешниот директор на Фондот Војо Михајловски со кое што ОКТА, Рафинерија за нафта А.Д. Скопје се избира за најповолен понудувач.

На крајот Договорот склучен помеѓу ОКТА и Министерството за здравство, Фондот за здравствено осигурување од 18 октомври 2002 година а се однесува за набавки на овие нафтени деривти за грејната сезона 2002-2003 година.

Според тоа, очигледно е дека оној кој го снабдувал Фондот во претходната и наредната година ќе биде овој испорачувач од овде (ги покажува документите) според тоа пропаѓаат прикаските околу наводната корумпираност на потсекретарот на полицијата Цане Чапраговски, дека за тоа добил и кола и тн. Фактот е дека господинот Цане Чапраговски, уште еднаш, нема сопствено возило од проверките што се дополнително направени е исто така дека во април 2002 година тоа возило е украдено, пријавено во полицијата и до сега од полицијата нема резултати според тој дел. Така што во моментов нема сопствено возило.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Почиувани пратеници, до овој момент, 17,10 часот поставени беа 58 прашања и 46 дополнителни прашања. На нив министрите и гувернерот дадоа одговори.

Благодарам на министрите, членовите на Владата и гувернерот за одговорите и конструктивноста, како и на сите прате за конструктивноста во пристапот на седницата.

Со ова ја заклучувам Осмата седница на Собранието на Република Македонија.

(Седницата со работа заврши во 17,10 часот).